# ИЗВЕШТАЈ ПО ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ЗА 2021 ГОДИНА

# ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА

Охрид, декември 2021

# 1. Содржина

1. Содржина .................... i
2. Вовед .................... 1
3. Одделение за заштита на природата .................... 2
3.1. Мониторинг на биолошката разновидност во Национален парк Галичица .................... 2
3.2. Останати активности на мониторинг .................... 7
3.3. Активно управување со високопланинските пасишта .................... 9
3.4. Реализација на специфични обуки .................... 9
3.5. Контрола и спречување на бесправни дејствија .................... 12
3.6. Останати активности на Одделението за заштита на природата .................... 12
4. Одделение за алтернативни активности и еколошка едукација .................... 22
4.1. Резиме на Извештајот на Одделението за алтернативни активности и еколошка едукација .................... 22
4.2. Посета на Паркот .................... 24
4.3. Контролирано движење .................... 31
4.4. Анализа на посетите .................... 32
4.5. Инфраструктура .................... 33
4.6. Тековен престоечки период до крај на 2021 година .................... 35
4.7. Проектни апликации развиени во текот на 2021 година .................... 36
4.7.1. Проектна апликација за Horizon 2020 .................... 36
4.8. Веб – страна и мобилна апликација .................... 37
4.9. Мобилна апликација .................... 41
4.10. Социјални медиуми (Facebook и Instagram) .................... 42
4.11. Соопштенија за јавност и медиумско присуство .................... 46
4.12. Активности за еколошка едукација спроведени во текот на 2021 година .................... 46
5. Одделение за одржливо користење на природните ресурси .................... 47
5.1. Сеча во сопствена режија .................... 47
5.2. Маркирање во имот во приватна сопственсот .................... 48
5.3. Заштита .................... **Error! Bookmark not defined.**
5.4. Проектни апликации .................... 48
1. Одделение за правни, економски и општи работи .................... 49

## 2. Вовед

Годишната програма за заштита на природата за 2021 година, беше оптимистички димензионирана имајќи ги предвид стратешките определби на Јавната установа Национален парк Галичица и очекувањето интензитетот на пандемијата со корона вирусот да спласне и да се врати нивото на посета кое го имавме во 2019 година.

Бидејќи пандемијата продолжи со сличен интензитет, реализацијата на Годишната програма за 2021 година, се одвиваше во следниве околности:

- И покрај ограничувањата за организирање на настани со физичко присуство, Јавната установа Национален парк Галичица ја вклучи општата и стручната јавност во донесувањето на Планот за управување со Национален парк Галичица за периодот 2021-2030 година и посвети големо внимание на сите доставени коментари и забелешки преку организирање на јавни расправи по електронски пат;
- Опстојување на одлуката за престанок на дирекно користење на природните ресурси (сеча и продажба на огревно дрво);
- Спроведување само на основните и нај неопходните активности (непосредна заштита, наплата на влезници за посетители и собирање на податоци за биолошката разновидност);
- Подигнување на персоналниот капацитет за ефикасна заштита и еколошка едукација со сопствени средства и минимални инвестиции;
- Спроведување на политика на штедење во секојдневното работење заради подобрување на финансискиот перформанс; и
- Дополнително дадената финансика помош од Фондот за природа во Охрид и Преспа (ПОНТ) за продолжување на посакуваната реориентација кон ефикасно управување и заштита на природата и процесите во паркот.

Трета година по ред, вработените и ангажираните на неопределено време во ЈУНПГ се обврзани да пополнуваат месечни извештаи (timesheets). На почеток на 2021 година беа определени неколку лица, кои требаше да ги пополнуваат месечните извештаи за сите вработени. Дисциплината на пополнување од страна на дел од вработените е на ниско ниво, со закаснување од неколку месеци. Таквиот начин на пополнување ја доведува под знак прашалник точноста на пополнетите месечни извештаи, како и го отежнува процесот на планирање.

Поради потребата за прихрана на елените во Репродуктивниот центар, во текот на зимскиот период, беа монтирани гасеници на АТВ возилото (Хамачи). Глисерот марка „Селва“ кој беше однесен на сервисирање на крај на 2020 година во Скопје, поради дефект на мотор, беше сервисиран и вратен во канцелариите на ЈУНПГ во Стење. Со цел, утврдување на причините за настанатиот дефект беше формирана комисија која не успеа да го утврди моментот на негово расипување. Во месец септември 2021 година, беше направен редовен сервис на скутерот за вода, марка „Кавасаки“ и истиот потоа беше однесен во канцелариите на ЈУНПГ, во Стење.

Согласно ваквите околности, спроведувањето на Годишната програма за заштита на природата за 2021 година, можеме да го оцениме како успешно. Во продолжение следат извештаите за реализација на Годишната програма по одделенија.

## 3. Одделение за заштита на природата

Во услови на погоре опишаните околности во кои Јавната установа Национален парк Галичица функционираше во текот на 2021 година, Одделението за заштита на природата ги реализираше следниве активности.

### 3.1. Мониторинг на биолошката разновидност во Национален парк Галичица

Согласно Годишната Програма за заштита на природа за 2021 година, беа предвидени следните активности за мониторинг на растителни, животински видови и живеалишта: Шибјаци од модра смрека, Златен орел, Маерова непета, Томоросов различник, Охридски чај, Западно-балкански карстен полжав, Аполонова пеперутка, Македонски мрморец, Голем корморан, Голем северен потопник, Ноќна ластовица, Лилјаци, Инцидентно забележување на растителни и животински видови и Зимски цензус на птици.

Користејќи се со знаењата и искуството од спроведувањето на Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во НПГ, во 2021 се продолжи со нејзино спроведување. Поради споменатите околности не беше реализирана јавната набавка за обуки за вработените во која беше предвидено да се спроведе мониторинг на живеалишта и некои од видовите. Бидејќи вработените во ЈУНПГ немаат доволно знаење самостојно да спроведат мониторинг на живеалишта шибјаците од модра смрека не беа обработени, како и златниот орел и ноќната ластовица.

Во текот на годината, а според Стандардните опреративни процедури (СОП), за секој вид е определен соодветен период кога дадениот вид се мониторира и според тоа соодветно беа реализирани предвидените мониторинг активности.

Во продолжение дадени се резултатите за секој од мониторингот на следниве видови.

- *Маерова непета (Nepeta ernesti-mayeri)*

Предвиденните активности за мониторниг на состојбата и бројноста на овој редок вид во Националниот парк Галичица беше реализирана во предвидениот период и според Стандардната оперативна процедура. Имено на локалитетите Баба, Корита и Надол беше извршено тотално пребројување на огништата од *Nepeta ernesti-mayeri*, при што во соодветен образец беа забележани следните резултати: Надол 11 огништа (бусени), Корита 2 огништа (бусени), додека на локалитетот Баба не беа забележани примероци од овој вид.





- *Томоросов различник (Centaurea tomorosii)*

Мониторинг активностите на овој локален еднемичен вид (стеноендем) според Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во НПГ и според СОП беше реализиран на двата предвидени локалитети. За разлика од претходната година, оваа година периодот за реализација на оваа активност беше незначително задоцнет, единките беа скоро во фаза на прецветување, но сепак детермининацијата и целокупниот мониторингот беше успешен, а добиените резултати внесени во соодветен образец (бр.7) се накратко прикажани во овој извештај. (1) Локалитет Два Јавори: 74 прецветани едники, (2) Локалитет Томорос: 169 прецветани единки.

- *Западно-балкански карстен пожав (Helix secernenda-schlaeflii)*

Согласно Програмата за заштита на природа за 2021 година овој вид беше предвиден за мониторирање според предложените протоколи во Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во НПГ. Но сепак, имајќи предвид дека во 2020 беше извршено пребројување на единките од овој вид, во текот на 2021 година дополнително беше одлучено да се изостави пребројувањето од причина што фреквентноста на пребројување се препорачува на секоја втора година. Секако, во тек на извршување на други активности на терен, на локалитетите Лако Сигној и Бугарска Чука, беше вршено инцидентно забележување и опсервација за конкретниот вид, при што во соодветен образец се забележани добиените податоци.

- *Аполонова пеперутка (Parnassius apollo)*

Мониторингот на Аполоновата пеперутка според Програмата, опфаќа следење на две фази (ларва и возрасна) од холометаболниот развој на овој вид. Имено во текот на пролетниот период мај – јуни предвидено е да се врши мониторинг на ларвен стадиум, додека возрасните единки се мониторираат во летниот период јули – август. Поради недостатокот на персонален капацитет во пролетниот период, мониторинг активноста за пребројување на ларвен стадиум изостана. Во однsocт на пребројување на адултна форма од Аполоновата пепрутка, активноста беше успешно реализирана. Имено, со стекнато искуство од претходните години во врска со активноста на единките, при мониторингот извршен во оваа 2021 година беше евидентирана оптимална активност. Според Програмата, овој вид се мониторира на локалитетот над Репродуктивниот цетар за Европски елен, на горната граница од буковата шума. Резултатите од оваа активност се внесени во соодветен образец, а изброени беа вкупно 51 адултна единка. Исто така направени се фотографии кои се зачувани во базата на податоци при ЈУНП Галичица, а дел од нив беа и објавени на веб страната и социјалните медиуми.



- *Македонски мрморец (Triturus macedonicus)*

Според Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во Нациналниот парк Галичица, мониторингот на овој вид се врши на локалитетот Симонческа локва. За време на мониторингот на Македонскиот мрморец на 02.07.2021 во Симонческа локва во НП Галичица, со помош на акватични стапици беа заловени 18 возрасни единки. Според стандардната методологија, беше забележан полот на секоја единка, беа земени основни мерки (должина на опашка и на тело и телесна маса) и беше фотографирана шемата на вентралниот дел на телото со цел идентификација на единки во рамките на capture-mark-recapture (CMR) методологијата.

Интересно е дека не беше заловена ниту една од 48те заловени и фотографирани единки во 2020та, односно сите единки беа нови за овој мониторинг. Оттука, пресметката за големината на популацијата мораше да биде спроведена со модификацијата на Линколн-Петерсоновиот индекс, односно според Чапмановиот индекс. Така, според формулата:

$$N = \frac{(K + 1)(n + 1)}{k + 1}$$

Каде „N“ е големината на популацијата, „K“ е бројот на заловени единки за време на втората посета, „n“ е бројот на обележани/фотографирани единки за време на првата посета и „k“ е бројот на заловени единки кои биле заловени при претходната посета, односно:

$$N = \frac{(14 + 1)(47 + 1)}{(0 + 1)}$$

Големината на популацијата е 720 единки. Според двете сесии спроведени во 2020та, популацијата беше проценета на 279 единки. Станува збор за доста широк интервал на несигурност (279-720), што укажува на „отворена“ популација. Имено, возможно е неколку фактори да се во игра: (i) голем морталитет и/или наталитет во периодот помеѓу двете годишни сесии, (ii) мрморците во Симонческа Локва се дел од метапопулација, или пак (iii) популацијата на мрморци во оваа локва е едноставно преголема. Со оглед на тоа што приновата за 2021ва година беше сè уште во ларвена фаза за време на спроведената сесија и со оглед на долгоживеачката животна стратегија на видот, можеме со голема сигурност да претпоставиме дека широкиот интервал на несигурност (441 единка) не се

должи на првиот фактор. Со оглед на географскиот распоред пак на живеалиштата во околината на локалитетот, доста е веројатно дека мрморците се дел од метапопулација. Веќе е потврдено присуството на видот во непостојаната локва Асан Џура (Шарбојца, на само 610 m воздушна линија), додека пак на 4550 m оддалеченост исто така се наоѓа постојаната локва Џафа каде присуството на видот треба да биде потврдено. Со оглед на тоа дека во 2020та во две последователни дневни сесии успеавме да заловиме неколку единки повторно, веројатно е дека помеѓу години, односно по својата хибернација во терестрична фаза мрморците не секогаш се враќаат во истата локва која ја напуштиле претходната сезона. Доколку пак, станува збор за третиот фактор, тоа ќе го потврдиме со дополнителни сесии. Сепак, мониторингот на популација на долгоживеачки организам, особено користејќи ја capture-mark-recapture методологија условува повеќегодишен труд (мин. 3-5 години) за добивање на робустни податоци. Без ваквиот пристап не е возможно да се добијат сигурни и поуздани резултати.

Според досега утврденото, следниот чекор кон надминување на препреките, односно, утврдување на точниот причинител зад широкиот интервал на несигурност во нашите проценки за големина на популацијата, предвидува географско проширување на мониторингот. Имено, за да ја провериме веројатната дисперзијата на единки помеѓу локвите Симонческа, Асан Џура и Џафа, односно нивната функција како метапопулација за македонски мрморци, препорачливо е истовремено да се поставаат акватични стапици за мрморци во сите локви кои потоа ќе се проверат во текот на истиот ден. Продолжувањето на мониторингот без проширување кон останатите локви сепак би било корисно, но ваквиот мал дополнителен труд ќе ни даде многу поголема сигурност во нашите заклучоци, и ќе одговори еколошки битни прашања за оваа популација во НП Галичица, особено во контекст на нивната заштита.



- *Голем корморан (Phalacrocorax carbo)*

Теренските активности за пребројување на Големиот корморан според Програмата за долгорочен мониторинг на билошката разновидност во Националниот парк Галичица се одвиваат на островот Голем град кој се наоѓа во зоната со режим на строга заштита. Поради комплексноста на теренот и специфичноста на Протоколот за пребројување на

гнездовата колонија на Голем корморан, вклучувајќи ги и условите кои владеат на островот, потребно е обезбедување поголем тим на обучени лица кои ќе го вршат мониторингот. Токму поради тие причини и недоволниот број на лица, оваа година помала група од вработени во паркот, заеднички со членови на Македонското еколошко друштво (орнитолошка секција), изврши обележување на стеблата од *J.excelsa* - Дива фоја на кои постојат активни или напуштени гнезда од Голем корморан. Целта на ова бележење/маркирање на стеблата е за да се обезбеди систем (мапа) на која ќе бидат прикажани сите стебла на кои има гнезда, полесно ориентирање во просторот со помош на истата и поефикасно и поточно пребројување односно реализирање на оваа мониторинг активност. Во текот на наредниот период, планирано е да се постават нови броеви на стеблата кои ќе обезбедат подолготрајна видливост се со цел поефикасно следење на гнездовата колонија во иднина.

- *Голем северен потопник (Mergus merganser)*

Една од ретките популации од овој вид која претставува глацијален реликт (од леденото доба) е Охридско-Преспанската популација која се задржува во текот на целата година. Оваа популација е релативно мала (10-20 парови) и истата има потреба од строга заштита, затоа што е под закана од исчезнување. Поради тоа и оваа година извршивме мониторинг активност за пребројување на единките. Теренските активости беа реализирани во месец јули кога е периодот на одгледување млади во вода. Во два дена последователно се одвиваа мерењата на Охридско и Преспанско Езеро по методот на линиски трансект. Забележаните податоци како што се број на единки, возрасна структура, пол, млади единки како и мерења поврзани со абиотичките фактори се внесени во соодветен образец. Според тоа евидентирани се следните резултати: Охридско Езеро: вкупно 86 едники од кои 12 женки и 74 јувенилни единки. Преспанско Езеро: вкупно 5 единки од кои, 1 женка и 4 јувенилни единки.

- *Лилјаци (Chiroptera)*

Методите за набљудување и мониторинг на лилјаците во НПГ кои се предложени изработени се врз основа на препораките дадени во Водичот за набљудување и Мониторинг на Европските Лилјаци, подготвен од страна на EUROBATS, 2010. Поеделните методи за набљудување се разработени врз основа на карактеристиките на биологијата кај различните видови, локалните услови и сезонските активности. Како дел од Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во Национален парк Галичица, во октомври 2021 година беше реализирана активност за пребројување на лилјаци во Бимбилова пештера, при што констатирана е популација која брои 5000-6000 единки претставена од видовите *Miniopterus schreibersii* и *Myotis capaccinii*. Во текот на 2021 година вработени во ЈУНП Галичица учествуваа на обука за мониторинг на лилјаци која беше спроведена во два дела, и тоа теоретски и практичен дел. На обуката беа презентирани методологии за заловување и детерминација на лилјаци со помош на мрежа и со помош на Бат детектор. Теренските активности се одвиваа на Преспанска страна во напуштен тунел, а исто така беше посетена и пештерата Самотска дупка. При овие истражувачки активности беше заловен вид лилјак од родот Myotis, за кој се претпоставува дека е нов вид за овие простори односно дека се работи за видот *Myotis*

*aurascens*, но за негово детерминирање и со точност утврдување земени се примероци кои се пратени за понатамошна ДНК анализа.

- *Инцидентно забележување на растителни и животински видови*

Покрај извршувањето на мониторингот на селектирани видови растенија и животни за кои се изработени прецизни протоколи, секоја година Националниот парк Галичица собира и други информации од инцидентни забележувања кои се случуваат за време на остварување на други активности. Ваквите инцидентни информации се внесуваат во посебно изработени обрасци за инцидентно забележување и тоа: (1) значајни видови цицачи (Образец бр. 20); (2) значајни видови птици (Образец бр. 21); (3) значајни видови васкуларни растенија (Образец бр. 22); (4) значајни видови без’рбетници (Образец бр. 23) и (5) значајни видови водоземци и влечуги (Образец бр. 24). Многу важно е да се напомене дека после долг период во Националниот парк Галичица забележан е рисот, за кој се претпоставуваше дека не е присутен во паркот од причини што не бил забележан подолго време. Во текот на месец Јуни беа забележани видови од групата на цицачите како што се: Кафеавата мечка, дивиот зајак, црвената лисица, срната, но исто така и информации добиени од поставените фото замки. Од птиците како поважен вид може да се истакне забележувањето на јато од видот Жолтоклуна галка и Голем северен потопник. Од групата влечуги евидентирана е *Vipera ammodytes*, а од водоземците *Triturus macedonicus*. Исто така од растителните видови внесени во образецот за инцидентно забележување се следните: *Acantholimon androsaceum, Acer heldreichii, Berberis vulgaris, Helichrysum zivojinii, Laserpitium ohridanum, Edrianthus horvatii, Astragalus mayeri, Lilium chalcedonicum, Festuca galicicae, Jurinea micevskii* и други.

- *Цензус на зимски птици*

Оваа активност во Македонија ја реализира Македонското еколошко друштво. ЈУНПГ активно учествува во активноста на броење на птиците во Охридското и Преспанското Езеро во деловите кои се граничат со НПГ. Податоците кои се добиваат од зимскиот цензус се значајни за следењето на популациите на водните птици. Покрај тоа, спроведувањето на оваа активност е значајно и за одржување на повисоко ниво на соработка со невладините организации. Во 2020 година претставници од ЈУНПГ активно беа вклучени во пребројувањето на зимскиот цензус на птици, при што на Охридско Езеро беа изброени вкупно 20300 индивидуи опфатени со 22 видови, додека на Преспанско Езеро 11000 индивидуи опфатени со 24 видови.

### 3.2. Останати активности на мониторинг

Во текот на 2021 година реализирани се и одредени активности кои не беа дел од годишната програма за заштита на природата, а кореспондираат со активности поврзани со мониторинг на биолошката разновидност во паркот, нотирање на морфометриски податоци за дадени видови или пак одредени обуки со кои се стекнал стручниот персонал при ЈУНП Галичица.

- Цвииќева качунка (*Crocus cvijicii*)

Како дел од активностите поврзани со проектот „Зачувување на некои ендемични растенија со ограничено распространување во НПГ“ раководен од академик Матевски, а финансиран од ПОНТ беше реализирано и пребројувањето на Цвијиќевата качунка, вид кој воедно е предмет и дел од Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во НП Галичица. *Crocus cvijicii* е јужно балкански ендемит кој во паркот се среќава со релативно мала но значајна популација. Имено, во тек на активноста за пребројување на популацијата и одредување на површината која ја зафаќа видот, ги добивме следниве резултатати: На првата точка која е со површина од 30 $m^2$ беа изброени вкупно 762 единки. На втората точка која е со површина од 70 $m^2$ беа изброени 172 фертилни единки, а на третата точка која е со површина од 60 $m^2$ беа изборени вкупно 410 фертилни единки. Пробните површини за мониторинг на овој вид се определени на Стара Галичица во зоната со режим на строга заштита.

- Пребројување на водни змии на остров Мал град во Албанија

Вработени од ЈУНП Галичица активно се вклучија во активности за истражување на популациијата на Рибарката (*Natrix tessellata*), кои се одвиваа на островот Мал град во Албанскиот дел на Преспанско Езеро, а беа дел од програмата на МЕД финансирана од стана на Фондот за доверба ПОНТ. Воедно, при посетата на островот беа презентирани протоколите и оперативните процедури за заловување на видовите по методот на capute mark recapture. На овие активности вклучени беа претставници од Преспа Парк Албанија, како и студенти од Србија кои работат на магистески и/или докторски тези.

- Следење на популацијата на срна како главен плен на балканскиот рис (*Lynx lynx balcanicus*)

Како резултат на ново добиените информациии со помош на фото замките кои се поставени во паркот, со кои се потврди присутноста на балканскиот рис (*Lynx lynx balcanicus*) како исклучително значаен вид (критично загрозен) со ограничена популација во Македонија, се пристапи кон подетални истражувачки активности за одредување на бројот на забележани индивидуи. Во рамки на Програмата за заштита на балканскиот рис спроведувана од МЕД, главна цел е интегралната заштита односно заштитата на видот од криволов, заштита на неговото живеалиште и заштита на неговиот плен (срната и дивата коза). Токму поради тоа, се пристапи кон активности за одредување на популацијата на срната како главен плен на рисот, при што определени се две пробни површини (квадранти) со површина од 1$m^2$ на кои се поставени 11 камери. Информациите кои се добиваат на овој начин, а се поврзани со популацијата на дивите видови, вклучително и срната како главен плен на балканскиот рис кои се добиваат на овој начин се од исклучително значење.

- Цензус на кадроглав пеликан (*Pelecanus crispus*) на Преспанско Езеро

Во текот на месец мај вработени во ЈУНП Галичица учествуваа во активности за пребројување на популацијата на кадроглав пеликан на Преспанското Езеро. Со пребројувањето на пеликаните на Преспанско Езеро, во соработка со МЕД и Општина Ресен, се одбележа Меѓународниот ден на биолошката разновидност 22 мај. Пеликаните од видот *Pelecanus crispus* на Преспанското Езеро припаѓаат на најголемата гнездечка

популација од овој вид во светот, а оваа активност се спроведува од 2013 година, и е прекугранична активност што ги вклучува Друштвото за заштита на Преспа, Грција и Друштвото за заштита на животната средина од Албанија.

### 3.3. Активно управување со високопланинските пасишта

Во текот на 2021 година, ЈУНПГ односно нејзини вработени континуирано спроведуваа активности на одржување на репродуктивниот центар за европски елени. Во фокусот на активностите беше одржувањето и надградбата на инфраструктурата (жичаната ограда и столбовите, хранилките и опремата за напојување со вода). Значаен ангажман имаше и за прихранување на 45 единки европски елен. Покрај тоа, установата ја продолжи соработката со ветеринарот од Повеќенаменското подрачје Јасен кој има искуство во спроведување здравствена нега на елени кои се одгледуваат во заробеништво.

Од крајот на месец април елените почнаа да добиваат принови. Бидејќи на почетокот секоја мајка со мало се одвојува, не бевме во можност да го утврдиме бројот на младенчиња. Покасно во текот на летото, мајките заедно со младите повторно почнаа да се групираат. Од направените набљудувања можеме да констатираме дека имаме 15 младенчиња.

Значајно за одгледувањето на елените во репродуктивниот центар е воспоставениот режим на прихрана. Бидејќи ставањето на храна во хранилките беше временски стандардизирано, елените во текот на времето се навикнаа на овој режим. Сега веќе редовно дваесетина минути после ставањето на храна тие групно доаѓаат на хранилките.

Со иклучок на едно неовластено влегување на луѓе во оградениот простор кое беше регистрирано од поставените камери, посакуваниот мир во репродуктивниот центар во континуитет беше обезбеден. Ова главно се должи на редовната посета на локалитетот на вработените во ЈУНПГ.

Исклучителниот успех во одржувањето на инфраструктурата на репродуктивниот центар за европски елен и одржувањето на здрава популација на елени во него, главно се должи на исклучителната посветеност на тројцата вработени во ЈУНПГ на преспанската страна од паркот.

### 3.4. Реализација на специфични обуки

Во текот на 2021 година беа планирани да се организираат специфични обуки, кои ЈУНПГ не беше во можност да ги организира во текот на минатата година заради ограничувањата и мерките за заштита од проширување на пандемијата од КОВИД 19. За жал, и оваа година имаше комбинирани причини поради кои ЈУНПГ не беше во можност целосно да ги реализира овие специфични обуки. Причините беа повторно поврзани со ситуацијата со КОВИД 19 пандемијата (заболувања на вработени, изолација, заболувања на дел од предавачи, ограничувања за собирања и сл.), но и заради недостиг на вработени за кои беа наменети овие обуки.

Имено, согласно финансискиот план за 2021 година беше предвидено ангажирање на Соработник за живеалишта и видови и Соработник за еколошка едукација кои со уште двајца вработени требаше да бидат обучени. Согласноста за ангажирање на овие

вработени беше добиена на почетокот на март 2021 година, па заедно со постапката за јавна набавка за ангажирање на приватна агенција за времено вработување – всушност двајцата соработници почнаа со работа на почетокот на јуни 2021 година. После само еден месец, Соработникот за еколошка едукација даде отставка од позицијата поради лични причини, а заради распишаните локални избори, ЈУНПГ мораше да бара посебни дозволи за ангажман на нов соработник. Новиот соработник официјално започна со работа на 28 септември 2021 година.

Имајќи ги сите овие предизвици предвид, тендерската постапка за организирање на специфичните тренинзи беше дизајнирана на начин на кој истите ќе се организираат во тек на една година, т.е. во 2021 и 2022. Следствено, установата во текот на 2021 ќе соработува со надворешно стручно лице добитник на јавната набавка кои соодветно ќе ја ажурираат постоечката SDF форма за Националниот парк Галичица. Исто така, со цел обезбедување на оддржливост на резултатот од оваа активност, предвидено е организирање на обука за најмалку 3 вработени од Јавната установа за значењето на SDF формата, за нејзината содржина и процесот на подготовка и ажурирање, секако во согласност со барањата на директивата.

Согласно планот за развој на капацитетите на вработените во јавната установа, нивните потреби од специфични обуки, како и во согласност со времето кое е на располагање за да се реализира овој тип на обука, табелата подолу ги претставува деновите (канцелариски и теренски) потребни за реализација на овој тип на обука, при што истите се поделени согласно видовите на обука кои ќе бидат реализирани до крајот на 2021 година.

| **Вид на обука** | **Теренски денови** | **Канцелариски денови** | **Денови за обука (вкупно)** |
|---|---|---|---|
| SDF Форма - вовед | 0 | 1 | 1 |
| SDF Форма - пополнување и ажурирање | 2 | 8 | 10 |
| **Вкупно** | **2** | **9** | **11** |

Темите на кои ќе се фокусира обуката ги вклучува следните области, но не се лимитира само на нив:

- ВОВЕД
- ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА САЈТОТ
- ЛОКАЦИЈА
- ЕКОЛОШКИ ИНФОРМАЦИИ
- ОПИС НА САЈТОТ
- СТАТУС НА ЗАШТИТА НА САЈТОТ
- УПРАВУВАЊЕ СО САЈТОТ
- МАПА НА САЈТОТ
- Додатоци

Покрај гореспоменатите теми, во рамките на оваа обука вработените во установата ќе бидат обучени за процесот на бришење / промена на сајт и измена на карактеристики и подготовка на соодветни објаснувачки белешки. За таа цел во планот за работа во однос на оваа обука се поместени и темите:

- Бришење / промена на сајтот
- Бришење / измена на карактеристики

- Бришење поради нови информации (резултати од мониторинг)
- Бришење поради претходна грешка
- Корекции и повторно кодирање на сајтот
- Спојување на сајтови
- Корекција на погрешни идентификации
- Измени на карактеристиките
- Табела за запишување на промените

Во рамките на оваа обука, ќе се одржи и презентација на софтверот за ажурирање и подготовка на SDF форми - SDF Manager

Заради истите причини кои беа наведени погоре и обука за биологија и екологија на видови и живеалишта ќе биде спроведена во текот на 2021 и 2022 година, со тоа што планираните канцелариски денови (види табела подолу) ќе бидат организирани до крајот на 2021 година, а теренските денови на обуката ќе се организираат во текот на 2022 година симултано со спроведувањето на мониторингот согласно Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност на НПГ.

| **Вид за обука** | **Теренски денови** | **Канцелариски денови** | **Денови за обука (вкупно)** |
|---|---|---|---|
| *Лилјаци (Chiroptera)* | 2 | 3 | 5 |
| *Големиот северен потопник (Mergus merganser)* | 1 | 1 | 2 |
| *Маерова непета (Nepeta ernesti-mayeri)* | 1 | 1 | 2 |
| *Златен орел (Aquila chrysaetos)* | 1 | 1 | 2 |
| *Ноќната ластовица (Caprimulgus europaeus)* | 1 | 1 | 2 |
| Европски елен (*Cervus elaphus)* | 2 | 1 | 3 |
| I. Српска рамонда (*Ramonda serbica)* | 1 | 1 | 2 |
| II. Барска ангелика (*Angelica palustris*) | 1 | 1 | 2 |
| Аполонова пеперутка (*Parnassius apollo*) | 1 | 1 | 2 |
| Клеопатрина пеперутка (*Gonepteryx cleopatra*) | 1 | 1 | 2 |
| *Шибјаци од модра смрека* | 1 | 1 | 2 |
| Југозападни мезиски елово-букови шуми | 1 | 1 | 2 |
| Ендемични шуми со дива фоја | 1 | 1 | 2 |
| Балкански оголени пасишта | 1 | 1 | 2 |
| Елино - балкански оголени пасишта | 1 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **17** | **17** | **34** |

Темите на кои ќе се фокусира обуката ги вклучува следните области, но не се лимитира само на нив:

За заедници:

1. Методологија
   1.1. Аналитички процени

**квантитативни процени**

**квалитативни процени**

***III.*** **<u>Квантитативни процени во фитоценологијата</u>**

2. Опис на заедницата
    2.1. Синтаксономска положба
    2.2. Распространување
    2.3. Станиште, екологија
    2.4. Валоризација, ризици
        - СОП 1: подготовки за теренска работа
        - СОП 2: лоцирање и поставување на вегетациски снимки
        - СОП 3: вегетациско снимање
        - СОП 4: управување со податоци
        - СОП 5: анализа на податоците и известување

За видови:

1. Опис на видот

1.1. Оригинален дијагностички опис
1.2. Дијагностички опис на македонски јазик
1.3. Општо распространување
1.4. Распространување Галичица
1.5. Станиште, екологија
1.6. Валоризација, ризици

- CORINE (МК)
- Црвена листа на Република Северна Македонија
- IUCN

1.7. Кариолошка анализа

- СОП 1: подготовки за теренска работа
- СОП 2: лоцирање и поставување на пробни површини
- СОП 3: теренско мерење
- СОП 4: управување со податоци
- СОП 5: анализа на податоците и известување

### 3.5. Контрола и спречување на бесправни дејствија

Непосредната заштита се спроведуваше редовно. Бесправната сеча и бесправниот лов беа редовно контролирани и сведени на минимум. Поради подобрената соработка со граничната полиција и честите заеднички контроли долж границата со Република Албанија случаите на илегално преминување на границата и бесправна сеча и лов на територија на НПГ во 2021 значително беа намалени. До моментот на подготовка на извештајот изготвени  и доставени до одделението за правни, општи и економски работи се 3 (три) записници за бесправна сеча, 1 (еден) записник за бесправно кампување и 9 (девет) записници за против правно заземање на земјиште сопственост на РСМ и бесправна градба.

### 3.6. Останати активности на Одделението за заштита на природата

#### 3.6.1. Публикации

Во периодот од 03-06 септември 2019 година, во Охрид беше одржана најпрестижната научна конференција во Југоисточна Европа посветена на актуелизирање на проблемот со ненативните и инвазивните видови.

Конференцијата се одржа во рамките на ЕСЕНИАС/ДИАС мрежата, а Охрид беше избран како домаќин заради уникатното природно наследство и опасностите од инвазивните и ненативните видови врз опстанокот на високо специјализираната, ендемична и ендемореликтна флора и фауна која е најмаркатниот знак на биолошкиот диверзитет на Охридско Езеро и неговото окружување, Конференцијата на која учество зедоа 130 учесници од 15 земји од регионот на Југоисточна Европа, како и учесници од земјите од поширокиот регион (Франција, Белгија, Велика Британија, Италија, Унгарија, Чешка, Молдавија, Грузија, Украина и др.) но и од САД, беше организирана од ЈНУ Хидробиолошки институт Охрид, како пионерска институција во следењето на ненативните и инвазивните видови, како и од Јавната Институција Национален Парк Галичица, прв национален парк кој го актуелизра проблемот со терстиричните инвазивни видови преку востановување на мониторинг програма за следење на истите на територијата на паркот.
Како резултат од оваа научна конференција беше публикувано специјално издание на Acta Zoologica Bulgarica - East and South European Network for Invasive Alien Species (ESENIAS) Danube region invasive Alien species Network (DIAS), Scientific reports 4, Joint ESENIAS and DIAS Scientific Conference and 9th ESENIAS Workshop species, ecosystems and Areas of Conservation Concern under Threat from the invasive Alien species со импакт фактор од 0,354. Во специјалното издание беа публикувани 23 научни трудови, вклучително и еден научен труд чиј прв автор беше вработен во Јавната установа Национален парк Галичица. Исто така, вработен од ЈУНПГ беше и едитор на специјалното издание.

72 (4) December 2020

# ACTA ZOOLOGICA BULGARICA

# 72 (4)

East and South European Network
for Invasive Alien Species (ESENIAS)

Danube Region Invasive Alien Species Network (DIAS)

Scientific Reports 4: Joint ESENIAS and DIAS
Scientific Conference and 9th ESENIAS Workshop

Species, Ecosystems and Areas of Conservation
Concern under Threat from the Invasive Alien Species

3–6 September 2019,
Ohrid, Republic of North Macedonia



Institute of Biodiversity and Ecosystem Research

Bulgarian Academy of Sciences

ACTA ZOOLOGICA BULGARICA

**2020**
**December**




ISSN 0324-0770 (print)
ISSN 2603-3798 (online)

**Acta zoologica bulgarica**

**72 (4) • Sofia • December • 2020**

*An open access international journal of animal diversity, ecology and evolution published by the Institute of Biodiversity and Ecosystem Research, Bulgarian Academy of Sciences*

**ISI Impact Factor (2019) = 0.354**

Honorary Editor-in-Chief: *Vassil Golemansky*

Editor-in-Chief: *Boyko B. Georgiev*
Managing Editor: *Rositsa Kaneva*
Language Editor: *Vesela Evtimova*

**Co-editors:**

*Apostolos Apostolou*
*Dragan Chobanov*
*Vesela Evtimova*
*Simeon Lukanov*
*Rumyana Metcheva*
*Paraskeva Mihailova*
*Vasil Popov*
*Diana Zlatanova*

**Advisory Board:**

*Gábor Csorba (Budapest)*
*Hristo Delchev (Sofia)*
*Victor Fet (Huntington)*
*Denis Geraads (Paris)*
*Georgi Georgiev (Sofia)*
*Peter Glöer (Hetlingen)*
*Victor V. Glupov (Novosibirsk)*
*Andy J. Green (Seville)*
*Borislav Guéorguiev (Sofia)*
*Boris Kryštufek (Ljubljana)*
*Jean Mariaux (Geneva)*
*Josef Matena (Česke Budejovice)*
*Georgi Markov (Sofia)*
*Yuri M. Marusik (Magadan)*
*Boris Nikolov (Sofia)*
*Anastasios Legakis (Athens)*
*Toshko Ljubomirov (Sofia)*
*Vlada Peneva (Sofia)*
*Aleksi Popov (Sofia)*
*Guy Smagghe (Ghent)*
*Mitko Subchev (Sofia)*
*Milcho Todorov (Sofia)*
*Margarita Topashka (Sofia)*
*Yordan Uzunov (Sofia)*
*Eliza Uzunova (Sofia)*

**© Institute of Biodiversity and Ecosystem Research, Bulgarian Academy of Sciences, 2020**

Copy editor: *R. Kaneva* Desktop publishing: *R. Kaneva*

Size: 60x84/8 Total print: 180

**Cover:** Statoblast of *Pectinatella magnifica* (Leidy, 1851) (Bryozoa: Pectinatellidae), a recently recorded alien species in the Danube River, Bulgaria (Photo: Milcho Todorov). See p. 611.

**Printed by:** DEDRAX printing house

**Address:** Institute of Biodiversity and Ecosystem Research, 1 Tsar Osvoboditel Blvd., 1000 Sofia, Bulgaria

Tel: (+359) 884499726; (+359 2) 988 51 15; Fax: (+359 2) 988 28 97

E-mail: actazoologicabulgarica@gmail.com

# CONTENTS

**INTRODUCTORY ARTICLE**

**ZDRAVESKI K., TRAJANOVSKI S., TRICHKOVA T., TOMOV R. & KALCHEVA H.** – Joint ESENIAS and DIAS Scientific Conference and 9th ESENIAS Workshop Species, *Ecosystems and Areas of Conservation Concern under Threat from the Invasive Alien Species*: Outcomes ........ 507

**INVASIVE ALIEN SPECIES TRAITS AND TRENDS; VECTORS AND PATHWAYS FOR THEIR INTRODUCTION AND SPREAD**

**YILDIZ İ. & FEYZIOĞLU A. M.** – Spatial and seasonal variation of the new invader *Oithona davisae* (Ferrari F. D. & Orsi, 1984) (Cyclopoida: Oithonidae) in the Southeast Black Sea ........ 517
**ARSLAN N., ÇAMUR-ELIPEK B. & MERCAN D.** – Distribution of the Ponto-Caspian species *Pontogammarus robustoides* (Sars, 1894) (Amphipoda) in the inland waters of Turkey ........ 525
**MUNJIU O., ŞUBERNETKII I., ANDREEV N., RAILEAN N. & TODERAŞ I.** – Distribution and characteristics of the invasive alien species *Sinanodonta woodiana* (Lea, 1834) (Bivalvia: Unionidae) in the Republic of Moldova ........ 531
**VADACHKORIA P., TREGUBOV A., MAKHARADZE G., MIKASHAVIDZE E. & VARSHANIDZE M.** – Distribution and quantitative characteristics of four invasive alien species off the Black Sea Coast of Georgia ........ 539
**JAPOSHVILI B., LIPINSKAYA T., GAJDUCHENKO H., SINCHUK A., BIKASHVILI A. & MUMLADZE L.** – First DNA-based records of new alien freshwater species in the Republic of Georgia ........ 545
**INNAL D. & GIANNETTO D.** – Occurrence of *Gambusia holbrooki* Girard, 1859 (Poeciliidae) in four Mediterranean river estuaries of Turkey, nursery habitats of several native and threatened species ........ 553
**GENÇOĞLU L., KIRANKAYA Ş. G. & EKMEKÇI F. G.** – Age and growth of marine and translocated freshwater populations of *Atherina boyeri* Risso, 1810 (Atherinidae) in Turkey ........ 561
**KORNILEV Y. V., LUKANOV S., PULEV A., SLAVCHEV M., ANDONOV K., VACHEVA E., VERGILOV V., MLADENOV V., GEORGIEVA R. & POPGEORGIEV G.** – The alien pond slider *Trachemys scripta* (Thunberg in Schoepff, 1792) in Bulgaria: Future prospects for an established and reproducing invasive species ........ 571
**STĂNESCU F., ROZYLOWICZ L., TUDOR M. & COGĂLNICEANU D.** – Alien vertebrates in Romania – A review ........ 583
**CICEOI R. & GUTUE M.** – Updated list of host plants of *Tuta absoluta* (Meyrick, 1917) (Lepidoptera: Gelechiidae) with reference to Romania ........ 597

**THE DANUBE RIVER AS INVASIVE ALIEN SPECIES CORRIDOR**

**TODOROV M., KENDEROV M., BOTEV I., HUBENOV Z. & TRICHKOVA T.** – First records of *Pectinatella magnifica* (Leidy, 1851) (Bryozoa: Plumatellida: Pectinatellidae) in the Bulgarian shoreline zone of the Danube River ........ 611
**ATANACKOVIĆ A., ZORIĆ K., TOMOVIĆ J., ILIĆ M., TUBIĆ B., CSÁNYI B. & PAUNOVIĆ M.** – Range extension of the Ponto-Caspian polycheate *Manayunkia caspica* Annenkova, 1929 (Annelida: Fabriciidae) in the Danube River ........ 619
**ZORIĆ K. S., ATANACKOVIĆ A. D., ILIĆ M. D., CSÁNYI B. & PAUNOVIĆ M. M.** – The spiny-cheek crayfish *Faxonius limosus* (Rafinesque, 1817) (Decapoda: Cambaridae) invades new areas in Serbian inland waters ........ 623
**DJIKANOVIĆ V. D., SKORIĆ S. B. & MIĆKOVIĆ B. M.** – Diet of the round goby *Neogobius melanostomus* (Pallas, 1811) (Gobiidae) in the Danube and Velika Morava Rivers in Serbia ........ 629

**INVASIVE ALIEN SPECIES IMPACT**

**RADONJIĆ S. & HRNČIĆ S.** – Overview of the arthropod pests of citrus plants in Montenegro ........ 635
**CHIRECEANU C., BOSOI M., PODRUMAR T., GHICA M., TEODORU A., CHIRILOAIE-PALADE A. & ZAHARIA R.** – Invasive insect species detected on grapevines in Romania during 2016 –2019 and first record of *Erasmoneura vulnerata* (Fitch, 1851) (Hemiptera: Cicadellidae) ........ 649

**INVASIVE ALIEN SPECIES PREVENTION AND MANAGEMENT; DATA SHARING AND MANAGEMENT**

**FĂTU A.-C., CARDAŞ G., CIORNEI C. & ANDREI A.-M.** Experimental field application of *Beauveria bassiana* (Bals.) Vuill. for control of the invasive sawfly *Aproceros leucopoda* Takeuki, 1939 (Hymenoptera: Argidae) in Romania ........ 661

**OTHER TOPICS**

**INNAL D., TOCAN B., GÜLLE İ., ÇAĞLAN D. C., DÜĞEL M. & AVŞAR D.** – Diversity and distribution of the ichthyofauna in the Göksu River Estuary, Turkey ........ 667
**KALCHEVA H., KISS A., DINKA M., BERCZIK Á., KALCHEV R. & ÁGOSTON-SZABÓ E.** – Zooplankton diversity and correlations with biotic and abiotic factors in water bodies in the Middle Danube River basin, Hungary ........ 677

**SHORT COMMUNICATIONS**

**KONJEVIĆ A.** – First records of the brown marmorated stink bug *Halyomorpha halys* (Stål, 1855) (Hemiptera: Pentatomidae) in Republic of North Macedonia ........ 687
**TOMOV R.** – First record of the Japanese grape leafhopper *Arboridia kakogawana* (Matsumura, 1932) (Homoptera: Cicadellidae, Erythroneurini) in Bulgaria ........ 691
**TOMOV R.** – First records of the walnut shield bearer *Coptodisca lucifluella* (Clemens, 1860) (Lepidoptera: Heliozelidae) in Bulgaria ........ 697

ISSN 0324-0770 (print)
ISSN 2603-3798 (online)

# Acta zoologica bulgarica

**72 (4) • Sofia • December 2020**

**Institute of Biodiversity and Ecosystem Research**
**Bulgarian Academy of Sciences**

## East and South European Network for Invasive Alien Species (ESENIAS)
## Danube Region Invasive Alien Species Network (DIAS)

**Scientific Reports 4**
**Joint ESENIAS and DIAS Scientific Conference and 9th ESENIAS Workshop**

## Species, Ecosystems and Areas of Conservation Concern under Threat from the Invasive Alien Species

**Guest Editors:**
Teodora Trichkova (Editor-in-Chief),
Sasho Trajanovski, Konstantin Zdraveski, Rumen Tomov, Hristina Kalcheva,
Ani Hadjieva (language editor)

**Information on the contents of this journal is abstracted and indexed by:**

- Web of Science Core Collection (Clarivate Analytical) – jcr.incites.thomsonreuters.com/JCRJournalHomeAction.action
- Scopus (Elsevier) – scopus.com

Information on the contents of this journal is abstracted also by:

- BIOSIS Citation Index (Clarivate Analytical) – apps.webofknowledge.com
- Zoological Record (Clarivate Analytical) – apps.webofknowledge.com
- Science Citation Index Expanded (Clarivate Analytical) – apps.webofknowledge.com
- Conference Proceedings Citation Index-Science (CPCI-S) (Clarivate Analytical) – apps.webofknowledge.com
- CAB Direct (CAB International, UK) – cabdirect.org
- Vserossiyskiy Institut Nauchnoy i Tekhnicheskoy Informatsii RAN (VINITI RAN) – catalog.viniti.ru

*This issue is financially supported by:*

**Public Institution Galicica National Park, Republic of North Macedonia**

**National Science Fund of the Republic of Bulgaria**

**Joint ESENIAS and DIAS Scientific Conference and 9$^{th}$ ESENIAS Workshop**
***Species, ecosystems and areas of conservation concern under threat from the invasive alien species***
**3–6 September 2019, Ohrid, Republic of North Macedonia**

**Organised by:**

Hydrobiological Institute Ohrid (HIO)
East and South European Network for Invasive Alien Species (ESENIAS)
Danube Region Invasive Alien Species Network (DIAS)
Institute of Biodiversity and Ecosystem Research (IBER-BAS)

**Supported by:**

Ministry of Education and Science of the Republic of North Macedonia
Public Institution Galicica National Park

## Reviewers:

Ali Serhan Tarkan, Turkey
Anders Endrestøl, Norway
Argyro Zenetos, Greece
Boris Nikolov, Bulgaria
Borislav Naumov, Bulgaria
Boyan Zlatkov, Bulgaria
Constantina Chireceanu, Romania
Dan Cogălniceanu, Romania
Daniela Pilarska, Bulgaria
Doru Bănăduc, Romania
Eliza Uzunova, Bulgaria
Ensaf Mohamed, Sudan
Gábor Szőcs, Hungary
Gábor Vétek, Hungary
Gabriel Chişamera, Romania
Ioan Sîrbu, Romania
Ioana Grozea, Romania
Ivan Pandourski, Bulgaria
Kremena Stefanova, Bulgaria
Lucian Pârvulescu, Romania
Lyubomir Kenderov, Bulgaria
Lyudmila Kamburska, Italy
Marina Piria, Croatia
Mario Langourov, Bulgaria
Marius Skolka, Romania
Markéta Ondračková, Czech Republic
Milcho Todorov, Bulgaria
Mirjana Lenhardt, Serbia
Nikolay Simov, Bulgaria
Pavel Jurajda, Czech Republic
Péter Borza, Hungary
Petya Ivanova, Bulgaria
Predrag Simonović, Serbia
Rumen Tomov, Bulgaria
Sanja Radonjić, Montenegro
Şerife Gülsün Kirankaya, Turkey
Tihomir Stefanov, Bulgaria
Umberto Bernardo, Italy
Yuriy Kvach, Ukraine
Zdravko Hubenov, Bulgaria



**We dedicate this issue to the memory of**

**PROF. DR. LJUPČO MELOVSKI (30.06.1958 – 29.04.2019)**

**affiliated to the Institute of Biology,**
**Faculty of Natural Sciences and Mathematics, University in Skopje,**
**Republic of North Macedonia, member of the Scientific Committee**
**of the conference, our collaborator and our friend!**

### 3.6.2. Научно-истражувачка дејност

Во текот на 2021 година во рамки на остварени соработки со различни институции од државата и странство, ЈУНПГ учествуваше во објавување на неколку научни трудови кои беа публикувани во меѓународни научни списанија со импакт фактор. Вработени од установата се појавуваат како ко-автори на овие научни трудови, и тоа:

J.E. Vermaat, V. Biberdžić, K. Zdraveski, et al., Relating environmental pressures to littoral biological water quality indicators in Western Balkan lakes: Can we fill the largest gaps? Science of the Total Environment (2021) **(IF) 7.963**

Peyton, J., Zdraveski, K., et al.: 2021. Horizon Scanning to Predict and Prioritize Invasive Alien Species with the Potential to Threaten Human Health and Economies on Cyprus. Frontiers in Ecology and Evolution. **(IF) 4.17**

Schneider C. S., Biberčić V., Cara M., Dana Z., Đurašković P., Eriksen E. T., Budzakoska Gjoreska B., Hjermann D., Imeri A., Jovanović K., Krizmanic J., Kupe L., Loskoska T., Kemp L. J., Markovic A., Patceva S., Rakočević J., Talevska M., Trajanovska S., Trajanovski S., Veljanovska-Sarafilovska E., Vidakovic D., Vrenozi B., Zdraveski K., Zivic I. & Vermaat E. J. 2020. Littoral eutrophication indicators are more closely related to nearshore land use than to water nutrient concentrations: a critical evaluation of stressor-response relationships. Science of the Total Environment, Volume 748 (2021) 141193 **(IF) 5.9**

### 3.6.3. Проектни апликации

Согласно Годишната програма за заштита на природата за 2021 година, секое одделение од Јавната установа Национален парк Галичица беше задолжено да аплицира најмалку еден национален и/или меѓународен проект. Одделението за заштита на природата при ЈУНПГ во соработка со Хидробиолошки Завод од Охрид подготви и аплицира проект на објавениот Конкурс ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ НА ЈАВНИТЕ НАУЧНИ УСТАНОВИ ЗА 2021 ГОДИНА објавен од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Проектот е насловен: “Валоризација на биодиверзитетот на изворите Свети Наум со Акциски план“, а подолу следи краток опис на проектната апликација.

Изворите Свети Наум со својата непосредна околина се издвојуваат по големото социо-економско, спиритуално, културно но и научно значење и се вбројуваат меѓу најзначајните туристички одредишта во Македонија и пошироко.

Иако изворите Свети Наум имаат суштинска важност за водниот биланс на Охридско Езеро и се познати како жариште на ендемизам особено за бенталната фауна, сепак, до сега не е спроведена интегрална студија за нивниот биодиврзитет. Најголем дел од литературните податоци датираат од седумдесеттите години на минатиот век, и истите имаат фрагментиран карактер и реферираат за поединечни групи, во контекст на целите на студијата за која се вршени. Значењето на изворите за вкупниот биодиверзитет на езерската фауна, од аспект на бентална фауна е потенцирано од страна на Вилке (Wilke, 2008). Така, изворите би можеле да се сметаат за важни хабитати кои имале улога во

настанувањето на нови видови во процесот на интралакустрична специјација, кои подоцна пак го населиле езерото и формирале цели еволутинви линии.

Потребата од ажурирање на податоците за состојбата на биодиверзитетот во изворите, не само што доаѓа од фактот што истите се застарени и фрагментирани, туку, уште повеќе оваа потреба добива на значење и ургентност од фактот што во изминатите две декади, забележан е растечки антропоген притисок кој се должи на зголемената фреквенција на туристи, зголемената количина на отпадни води од комерцијалните објекти и секако, непочитување на законската регулатива за одржливо управување со изворите Свети Наум.

Охридскиот регион, вклучително и локалитетот Св. Наум се препознати како културно и природно светско наследство запишано во листата на УНЕСКО. Во изминатите неколку години сме сведоци за зголемениот притисок и опасност од запишување на регионот на листата на локалитети кои се во опасност. За таа цел, неопходно е да се преземат активности за осигурување на ефикасно и ефективно управување со сите локалитети и места во границите на заштитеното подрачје. Од друга страна пак, во локалитетот Св. Наум се одвиваат и комерцијални активности кои дополнително ја усложнуваат состојбата со биодиверзитетот и квалитетот на вода, за кои скоро секојдневно апелираат невладините организации. Таков е и последниот случај со барањето на повеќе невладини организации за заштита на животната средина (Фронт 21-42) до Јавната Установа Национален Парк Галичица (ЈУНПГ) за непродолжување на спогодбата за вршење на дејност со Острово БДБ за сплавовите кои се поставени во извориштето, но и за намалување на бројот на кајчиња кои пловат по изворите. Решенијата во контекст на ова може да имаат вистинска целисходност и одржливост само доколку се базирани на опсежна и актуелна анализа на состојбата со природните вредности, влијанијата, притисоците и измените, што дава целосна оправданост за потребата од преземање на комплексна анализа, што е суштината на овој предлог проект.

Со проектните активности, ќе се добијат нови и релевантни податоци кои ќе бидат рефлексија на актуелната состојба на изворите и нивниот биодиверзитет. Резултатите од проектот ќе претставуваат основа за воспоставување на долгорочен мониторинг на биолошката разновидност спроведена од партнерите на проектот.

Спроведувањето на една ваква сеопфатна анализа на состојбата на локалитетот Св. Наум ќе генерира бројни, корисни информации, како за научната јавност, така и за институциите кои управуваат со локалитетот се со цел поефикасно и подобро управување на истите со акцент на заштита и конзервација на биодиверзитетот.

Фактот дека на последната седница на УНЕСКО беше наведено дека во рок од 2 години Македонија и Албанија треба да поднесат заеднички Извештај за напредокот по однос на забелешките од Реактивната мисија, остава можност и неопходност за меѓусебна соработка. Во таа смисла, активностите кои се спроведуваат на Св. Наум во рамките на овој проект може и треба, во блиска иднина, да бидат реплицирани и во Албанија на изворите Тушемишта, следствено да се добијат компаративни и комплементарни резултати за состојбата на целокупниот регион какоoснова за интегрална и солгорочна заштита.

# 4. Одделение за алтернативни активности и еколошка едукација

## 4.1. Резиме на Извештајот на Одделението за алтернативни активности и еколошка едукација

Во Извештајот по Годишната програма за заштита на природата за 2021 година на ЈУНПГ, а во однос на активностите на Одделението за алтернативни активности и еколошка едукација претставени се активности кои беа сработени во опсегот на раководителот на оделението и други соработници вработени во ЈУНП Галичица кои низ припремни и непосредни секојдневни оперативни подактивности ги извршија и се сеуште во актуелен деловен план. Главното ангажирање на горенаведените лица и нивните активности беше воспоставување на непречен тек на посетите и едукацијата на посетителите кои имаа присуство во самиот парк. Воедно потребата од уредувачките активности на просторот во поглед на поставување на инфраструктурни елементи кои беа во функција за помош при логистиката за мониторинг и контрола на посетите и наплатата на влезни билети зазеде одреден дел од вкупното време на работење на споменатите лица. Дел од извештајот е соработката со деловните субјекти кои имаат активности на просторот од паркот. Истото беше интензивирано од зголемената нужност за контролирано движење на посетителите во време на критичниот период во месец август поради зголемената опасност од пожари и напорите за продолжување на посетите во паркот преку соодветно евидентирање на сите посети посебно поради потребата од опасностите кои ги донесе многу топлото време кое предизвика пожари на други места низ државата и за кое беше прогласена кризна состојба со забрана на движење во шумските предели. Ова секако имаше големо влијание врз посетеноста на паркот поради фактот дека истото се случуваше при максимална пополнетост на сместувачките капацитетеи на брегот на Охридското и Преспанското Езеро. Друг фактор кој влијаеше на посетата беше затворањето на патниот правец Дервен- Царина заради активностите за асфалтирање од 23-07 до 07-08 2021 година во најпосетениот период на паркот со посетители и транзитни туристи низ и на просторот од паркот.

Предизвиците за работа со посетите при присуството на КОВИД Пандемијата продолжија и конкретната сезона 2021-ва, при што падот на посетите беше повторно изразен од неприсуството на странските гости, а и домашните при почетокот на сезоната при состојбата на карантин во пролетните месеци и месец јуни.

Спрема горе изнесеното ќе ги издвоиме значајните состоби од објективна природа кои придонесоа за пад на посетите и собраните финансиски средства споредено со 2019 -та

година како репер кога паркот имаше најмногу посетитетели и најдобар финансиски ефект од посетите:

1. Ковид пандемијата заради што имавме:
   - задоцнет старт на сезоната и
   - намален број на странски туристи.
2. Совпаѓање на активностите за асфалтирање на патниот правец Дервен -Царина, во временската рамка при максимална посетеност на локацијата,
3. Застојот со работа со посетите поради опасностите од пожари при периодот на максимална посетеност на локацијата,
4. Воспоставување на нови правила за потпишување на спогодби за регулирање на правата и обврските на субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје диферентно со правни и физички лица кај Изворите Свети Наум, при што ЈУНП Галичица изврши измена на првично потпишаните спогодби во поглед на финансиското учество на субјектите.

Во поглед на подобрување на активностите за посета се заседоа практични воведи и насоки за овозможување на поголема контрола на влезот и престојот на физички и правни лица на просторот од паркот. За таа цел првично се евидентираа физичките лица кои имаа интерес од посета на одредени локаци за подоцна истото да се изврши при зголемената опасност од пожари и премине на целосно евидентирање на сите субјекти вклучени при посетите на просторот од паркот.

Манифестации кои беа од значење за едукацијата на посетителите за природата беа коорганизациските активности со здружението Moutain madness при кое на два пати се организираше турата за Магаро,  пред и после летната сезона, на која учество зедоа различни категории на здружениа, правни деловни субјекти и индивидуалци. Посебен осврт кон овие организирани активности беше хигиената на природниот простор и зголемување на јавната свест за штетноста од оставениот отпад во природниот ареал и од друга страна можноста за користење на природниот простор за рекреативни активности што во случајот претставуваше планинарењето до Магаро врвот.

Друг значаен фактор кој континуирано се согледува е немањето на соодветен капацитет на вработени лица во паркот по број и ниво на квалитет за информации и достапност на локација заради целовремени активности на контролата на влезот, информирањето на посетители и неговата наплата на различни локации од паркот. Посебно ова се одразува на наплатата на влезни билети за островот Голем Град каде и покрај досегашните напори на ЈУНП Галичица за воспоставување на целосен режим на наплата не се докрај ефектуирани. Лимитираниот број на вработени кои исклучиво и во принцип се вклучени при активностите со посети се одразува конкретно и дополнително што дел од нив вршат и други дополнителни работи при што се намалува процентот на работењето врз непосредните активности при управувањето со посети. Ова може да се забележи и анализира преку анализата на пополнетите извештаи за работни часови на дневно ниво за вработените во ова одделение и следствено да се постапи.

Исто така ограниченоста во поглед на персоналот се одразува врз можноста за информирање на посетителите со непосредна интерактивност при што недостасува

едукативниот елемент насочен кон посетителите, при што воедно се намалува ефектот од посетата. Искуствено горенаведените забележувања се значајни во поглед на идното планирање за потребите и активностите околу посетата на паркот и можноста за вршење едукација конкретно и воопштено како алка од целото работење со дејноста на паркот.

Дополнително за поквалитетна посета на паркот претставува нееднаквата обученост на извршителите од субјектите кои непосредно ги извршуваат како водичи или логистички оператори при прошетките и при превозот со чамци, со АТВ, со џипови, при параглајдеризмот и останататите поврзани активности како самостојното водење на посетители и сл.

Влијанието на Ковид пандемијата имаше удел во специфичната потреба од размена на искуства во тековната година на вработените на оделението за АА и ЕЕ истата стагнира при што оваа година до периодот на пишување на извештајот не се извршија посети на други заштитени подрачја.

Како краен осврт на краткото резиме ќе го издвоиме фактот дека во тековната 2021 година претставуваше година со предизвици кои бараа непосредно организирање во различни наметнати ситуации од различни причини. Секако оваа 2021 година е значајна од причини на согледувања кои со добра анализа за идниот период ќе дадат соодветен резултат.

Соработката со различни деловни субјекти и индивидуалци се покажа дека е неодминлива и треба да служи како важен столб за понатамошно планирање.

### 4.2. Посета на Паркот

#### 4.2.1. Локалитет Свети Наум

Повторната констатација за пад на посетите во споредба со референтната со најголема посетеност 2019-та година заради Ковид кризата во 2021 година повторно се ефектуира но со послаб интензитет од 2020 година и одрази на посетите воопшто низ целиот парк. Слабиот престој на странските туристи во Охридските сместувачки капацитети се евидентира низ сите работни и контролни места во паркот. Повторно беше евидентирано и намалување на посетите во Изворите Свети Наум при прошетката на посетителите со кајчињата со весла.

За оваа активност ќе напоменеме дека првично беа потпишани спогодби за превоз на посетители за 20 кајчиња. Цената за учество беше 40 000 денари и цената за влезен билет на 1 лице 100 денари. Потоа со интервенција од Управата за јавни приходи заради евиденција на приходите спогодбите од страна на ЈУНП Галичица беа преиначени со уплата за учество од 30 000 денари. Спогодбите се разделија за правни и физички лица при што уплатата на влезни билети од физичките лица беше во готово, а евиденцијата за посети за правните лица воедно и плаќањето одеше по извршена услуга по пат на фактура.

На конкретната локација работно беа вклучени три лица и тоа: Тоше Сотироски и Сашо Ристески како наплатувачи и Мирче Огненоски како контролор наплатувач.

| **ФИЗИЧКИ ЛИЦА** | **БРОЈ КАЈЧИЊА** |
|---|---|
| КИРИЛ РИСТЕСКИ | **1** |
| ЗОРАН ТАСЕСКИ | **1** |

| | |
|---|---|
| АЛЕКСАНДАР БУЛОСКИ | **1** |
| ИГОР МОЈАНОСКИ | **1** |
| ТРАЈАН ЈОВАНОСКИ | **1** |
| ГОЦЕ НАУМОСКИ | **1** |
| НИКОЛА СПИРОСКИ | **1** |
| ДРАГАН КЛИМОСКИ | **1** |
| РИСТЕ ДАМОВ | **1** |
| ДАРКО ЈАНЕСКИ | **1** |
| ДИМИТАР ТРПЧЕСКИ | **1** |
| НИКОЛА ТРПЧЕСКИ | **1** |
| **ПРАВНИ ЛИЦА** | |
| ОСТРОВО БДБ | **3** |
| ДРИМ | **2** |
| ИСКРА ПЕРЛЕС | **3** |
| НИКОТУРС | **1** |
| | **21** |

На денот на пишување на овој извештај 28-09-2021 година прометот од готово на фискалниот апарат во Свети Наум е 656 470 денари и поединачно за секој правен субјект: Никотурс-172 700, Дрим-146 200, Острово БДБ 320 800. Изостанува со промет Искра Перлес. Истите беа пријавувани дека се врши услуга со Острово БДБ со нивни мегусебна спогодба. Или вкупно со 27-09-2021 денари 1 296 170 денари. Од склучување на спогодби вкупно 21 по 30 000 денари вкупно 630 000 денари или севкупно од влез на посетители во Свети Наум и потпишани спогодби 1 926 170 денари со состојба 27-09-2021 година. Од истото произлегува дека тековната 2021 година била подобра од претходната 2020 година, но со послаб промет од 2019 година. Процентуално од наплата на влезници се инкасирале околу 40 % од наплатениот влез во 2019 година и тоа што во 2021 година цената за влез беше 100 денари, а 2019 - 70 денари. Овој податок е значаен заради идно планирање и очекување за следните години.

4.2.2. Прошетки со АТВ четириколки

Во текот на 2021 година за прв пат се склучија спогодби со вршители на дејност кои вршат посети со АТВ и истото се направи со 3 правни субјекти кои имаат активности во паркот. За истите по пат на договарања кои се извршија по одржани 3 состаноци со претставниците на фирмите при што беше договорена цена од 6 000 денари за една година за 1 АТВ. Вкупно беше дадена можност за вршење превоз со 50 АТВ-а. Спогодбите се потпишани со рок на траење од две години. Претходно беа потпишани меморандуми за соработка заради вклучување на субјектите во алката на едукација која е неопходна за квалитетен престој и посета на посетителите на паркот и за дистрибуција на вистински податоци за вредностите на паркот.

Субјекти со кои се потпишани спогодби:

1. Трговско друштво за производство трговија и услуги Острово БДБ ДООЕЛ Охрид, со седиште во Свети Наум Љубаништа, Охрид, со ЕМБС 6371868, 9 АТВ-а

2. Трговско друштво за производство трговија и услуги ММ РЕНТ ДООЕЛ узвоз-извоз с.Коњско Охрид, со седиште во Коњско Охрид, со ЕМБС 7354134, 8 АТВ-а
3. Трговско друштво за производство трговија и услуги АТВ КРУЗ ДОО увоз извоз Охрид, со седиште на ул. АСНОМ бр.107-2/42 Охрид, со ЕМБС 7271518, 8 АТВ-а

Посебно за прошетките со АТВ се изработија контролни влезни билети кои беа дистрибуирани на субјектите. Истите се потребни заради зголемена контрола на посетите и евидентирање на бројот на АТВ -а дневно кои поминуваат низ просторот од паркот. Со контролните влезни билети беа задолжени субјектите кои вршат превоз и плаќаат надоместок за влез. Истите имаат можност да вршат прошетки со АТВ -та 2 часовна и 3 часовна тура следствено на тоа и цената е 200 денари и 300 денари за кратка и долга тура, кое се евидентира на контролниот влезен билет покрај датата, часот, возилото и издавачот. На предната страна од контролниот влезен билет се пишуваат податоците, а задната страна е во вид на леток и има промотивен изглед со локација од паркот. На годинешните контролни влезни билети се испечатија три различни фотографии од различни делови од паркот. Заради подобра контрола во тековната 2021 беше набавен моторцикл за мобилно присуство на терен. Воедно моторциклот беше и за употреба на локацијата кај Магаро. Употребата на моторциклот беше во насока на контрола на посетите и истото средство во иднина треба да се користи со поголем интензитет и со целосно ангажирање на службеното лице задолжено за тоа.

Изгледот на еден контролен билет е следен:




Покрај печатењето на контролниот влезен билет се испечати и краток материјал за помош на водичите и други лица кои вршат водење и  логистика на посетителите низ паркот. Истиот е во форма на воведник и има за цел со негово користење да се воведат посетителите со информации за паркот. Во воведникот се наведени основните податоци за паркот претежно географски податоци, делови за флората и фауната, живеалиштата на видовите, геолошките карактеристики,  културното наследство и можностите за авантура низ паркот. Воведникот содржи 26 страници на формат А6 укоричен на предната и задната страна.  Истиот е унифициран заради потребата од вистинска информација за посетителите на паркот.

Изглед на предна страна на Воведникот:




### 4.2.3. Прошетки со џипови

Тековната 2021 година на просторот на паркот за прошетки со џипови пробудија интерес за организирани активности и за потпишување на меморандум за соработка здруженијата ОФФ РОАД Галичица и ЛИХНИД ОФФ РОАД. Од претходно потпишаните ОФФ РОАД Галичица имаше учество во организираните прошетки со мал интензитет, додека ЛИХНИД ОФФ РОАД немаше ниту една организирана активност. Ова се должеше на откажувањето на аранжманите на претежно Холандските и Полски туристи заради КОВИД кризата. Соработката со ОФФ РОАД Галичица беше воедно позитивен пример во поглед на заштитата и придонесот кон заштитата на природата и просторот на паркот и оваа година.

### 4.2.4. Параглајдинг

Непосредното учество на параглајдингот во вкупниот број на посети беше евидентиран претежно од три здруженија кои вршат повремено активности на просторот од паркот. Учеството во вкупниот промет на посетители на просторот од паркот без издвоените Извори Свети Наум оваа година е околу 6-7 %. Трите здруженија кои вршат тандем прелети се: Кондор Прилеп, Вертиго Скопје и Стрижак од Струга. Поединечни прелетувања се ефектуирани од индивидуалци кои немаа потпишано меморандуми за соработка кои се однесуваат на субјекти кои вршат активности во паркот и истите се самостојни индивидуалци кои некои со намера или транзитно поминуваат или сместуваат во сместувачките капацитети на регионот и низ паркот. За оваа активност контролниот механизам кој го имаме воспоставено секогаш не даваше оптимален резултат поради различните локации, време на полетување и немање на константна контрола на локациите. Соработката со наведените во иднина треба да се интензивира во поглед на комуникацијата и заеднички предсезонски анализи со насоки за подобрување на соработката.

### 4.2.5. Туристички агенции

Беа потпишани меморандуми за соработка со туристичките агенции : ЛАЛЕ ТУРС, КТМ ВОИЈАГЕ, ФРИ ПАСС, ТОПИ САТТ и АТЛАС. Наведените агенции најмногу го користеа просторот на паркот заради прошетки со индивидуалци, поретко правеа влез со други средства. Единствено Лале Турс оствари минимален промет со туристи за Островот Голем Град додека другите користеа делови од системот патеки претежно патеката околу с. Елшани и Лакоски гној. Соработката беше на примерно ниво и во иднина треба да се надоградува.

### 4.2.6. Планинарење

Соработката со здружението Планинско Лудило-планинарење беше ефектуирана со потпишување на меморандум за соработка. Во коорганизација со здружението Планинско Лудило беше промовиран Денот за Магаро кој се одржа на 20 јуни. Истиот имаше насока за доближување на посетителите до атракцијата врвот Магаро со едукативна цел за зголемена заштита на просторот, подигнување на јавната свест за природното богатство и неговата заштита со неодлагање на отпад и неуништување на флората и фауната и комлетниот еко простор на Националниот парк Галичица. Промотивната едукативна рекреативна тура со назив ЕКО ДЕН за МАГАРО беше со мото - Љубовта кон планините.

Денот за Магаро беше подржан и од Општина Охрид и Ресен.

По завршување на активностите на планинарење од страна на здружението на местото Коритски Извор беа поделени благодарници за учество.

Планот за Денот на Магаро беше следниот:

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПЛАН**

**ЗА АКТИВНОСТИ НА МАГАРО ДЕНОТ 2021 година ( 20 јуни)**

**1.Активностите ќе започнат во 07 ч. на стартната точка од настанот на Магаро денот која претставува локација за паркинг на возила на м.в. Баба и тоа со регулирање на паркирањето на возилата.**

**2.На локацијата Баба кај стартното место на паркингот каде што пристигнуваат посетителите ќе се делат летоци со информативна содржина за Националниот парк Галичица кои претходно ќе се требоваат од магацинот на ЈУНП Галичица. За делење на летоците треба да се употребат промо штандовите кои треба да се земат од старата управа..**

**3.На истата локација на посетителите ќе им се делат и кеси за чистење на потегот од патеката за Магаро. Од кога истите ќе се употребат при нивно враќање ќе се депонираат на истото место во големи вреќи кои понатака со возило од ЈУНПГ ќе се транспортираат до отпадна точка на Комуналец.**

**4.После планинарењето на посетителите на м.в. Корита со почеток во 12 ч. ќе почнат да се доделуваат благодарници за учество на манифестацијата од страна на здружението Планинско Лудило.**

**5.Со доделувањето на благодарниците завршува и самиот настан за Магаро денот.**

**Лица кое ќе учествуваат за реализација на активностите се :**

**1.Огнен Достиноски - раководител на одел. за АА и ЕЕ,**

**2.Александар Гугоски- наплатувач,**

**Потребни средства:**

**1.Возила : (мицубиши) и (териос)**

**2.Летоци со содржина на НПГ**

**3.Кеси (300 броја мали со рачки и 20 големи за одлагање на отпадот) и 300 хартиени апликации со содржина за Чиста кеса.**

**Содржината за апликацијата е следната:**

| |
|---|
| **ЧИСТА КЕСА ЗА ЧИСТА ПРИРОДА** Оваа кеса е за чиста природа, земете ја со Вас денес на Магаро денот , ако не ја употребите тука ќе ја употребите на друга локација од Националниот парк Галичица или на друго место. **Пријатен ден!!!!! ЈУНП ГАЛИЧИЦА 2021 година** |
| Направете фотографија објавете ја на вашиот Facebook и употребената кеса однесете ја до првиот контејнер за отпад<br>**Чиста природа МАГАРО ДЕН 2021 Наша природа** |

Изработил : Огнен Достиноски 18-06-2021

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------







На МАГАРО ДЕНОТ учество зедоа повеќе здруженија на граѓани од целата држава, индивидуалци и други спортски здруженија. Конкретниот ден имаше околу 400 посетители. На посетителите им беа поделени кеси за чиста природа со еко пораки. Кесите беа наменети за собирање на отпад на патеката за Магаро а и за други природни ресурси. Дента кесите останаа во голем дел празни и само мал дел од кесите беа наполнети со отпад, при што се доби за потврди зголемената јавна свест на посетителите кои доаѓаат на Магаро кое се однесува на хигиената на местото. На ЕКО акцијата Ден за Магаро придонес даде и раководителот на одделение правни, економски и општи работи од ЈУНП Галичица Сања Рилкоска.

Со истото здружение во месец септември беше организирана уште една акција со посета на Магаро насловаена како Есен на Магаро. На таа манифестација учество зедоа 166 посетители, помеѓу кои индивидуалци, градоначалникот на Општина Охрид, здружението Планинско Лудило, Ендорфин Кичево, Полициски планинарски клуб од Битола 7-ми мај, Фудбалски клуб Фер Плеј Охрид.

#### 4.2.7. Велосипедизам

Меморандум за Соработка и посебен интерес за водење групи по НП Галичица искажа претставникот на ИНФИНИТИ ДООЕЛ кои се занимаваат со изнајмување на велосипеди и водење на посетители со водич низ НПГ. Со истиот беа разгледувани повеќе опции за

подобар престој на посетителите и можноста за поставување на инфраструктура која би била дополнителна атракција за привлекување на заинтересираните.

#### 4.2.8. Змајарство

Здружението Крос Кантри - змајарство испрати барање до ЈУНП Галичица за можноста околу интензивирана соработка со паркот при што напомената беше за НПГ да претставува матичен полигон за едукација на идните змајари. Фактот дека НПГ е во непосредна близина на градот Охрид, а здружението Крос Кантри е со седиште од Охрид за истото се даде позитивно мислење и се овозможи истото да може да врши едукација на просторот од паркот. Воедно се истакна потребата од промотивен удел на соработката при што се заклучи дека е потребно да се изработува секоја година фото архива на прелетите во вид на фотографски и видео записи од страна на членовите на  клубот.

#### 4.2.9. Водичи

Во тек на 2021 година беше подобрена соработката со туристички и други водичи кои учествуваат при активностите со водење на групи ниа паркот. Меморандуми за соработка се склучија со следните: Владимир Марковиќ, Горан Миланоски двајцата туристички водичи од Охрид, Јонче Илијевски од Битола - планинарски водич, Жанко Голабоски авантурист и слободен водич.

#### 4.2.10. Индивидуалци

Во тек на 2021 година имавме контрибуција на учество на заинтересирани индивидуалци за прошетки со АТВ-а. На истите им се даде можност со издавање на идентификациона карта која е новина во комуникацијата со заинтересираните лица и фирми за присуство на теренот и просторот на НПГ да можат да се движат низ паркот а при тоа истото да се врши при контролирано движење .

### 4.3. Контролирано движење

#### 4.3.1. Индивидуалци

Потребата од зголемена конуникација и контрола на посетите доведе до промена на комуникацијата со евидентирање на заинтересираните кои имаат интерес и потреба да се присутни на просторот од паркот. ЈУНПГ започна со издавање на идентификациона карта на лицата индивидуално, а и за фирми кои учествуваат при посетите на паркот. Идентификационата карта е легитимација која на конкретното лице му дава право да се легитимира пред службените лица на ЈУНПГ заради подобар престој на самите посетители и заради поврзани дејствија: сигурност при престојот, релевантна промоција и друго. Такви идентификациони карти за индивидуални посети се издадени 14 во текот на 2021 година.



4.3.2. Организизрани посети

За организирани посети се издадени за фирми и индивидуалци вкупно 67 идентификациони карти. Инаку ќе напоменеме дека имаше интерес за издавање на дополнителен број ИК но поради крајот на сезоната истите не се издадоа, што оди во прилог дека интересот за ставање на ред на посетите е со добар и позитивен прием кон субјектите кои вршат дејност во паркот заради нивна заштита како претприемачи а заради контрола и заштита на ресурсот од страна на ЈУНПГ. Листата на издадени ИК е дадена како Анекс на овој извештај.

### 4.4. Анализа на посетите

Воопштената анализа изразува дека тековната 2021 година беше година на предизвици поради повеќе непредвидени состојби кои беа присутни во паркот и регионот во целост напоменувајки ја КОВИД пандемијата, затворањето на патот помеѓу Дервен и Царина заради асфалтирање, појавата на шумските пожари и забраната за движење по шумските предели, лимитираниот персонал на оделението за АА и ЕЕ во поглед на контрола на посетителите и нивните уплати на места каде немаме наплатни точки и недоволниот персонал во поглед на информирање и вршење на промотивни активности со интерактивен принцип. Ангажираноста на персоналот во вршење на други работи претставува една дополнителна алка за работата на оделението.

Сепак со можностите кои ги имавме ќе заклучиме дека справувањето со предизвиците беше на задоволително ниво и успеавме полека да се враќаме кон референтната земено 2019 година кога имавме максимален досега учинок од посетите. Точки кои треба повеќе ангажирање се Изворите Свети Наум посебно во информативниот и промотивен дел, во информативниот и промотивен дел треба и воопштено повеќе ангажирање и низ целиот парк заради потребата од релевантна информација во насока на посетите и зголемена едукација заради подобра заштита на природата и воопшто подобар престој во паркот.

Посебно ќе истакнеме делот околу куќата Асангура (Шарбојца) каде во услови на проток на посетители треба да се зголеми  присутноста од страна на ЈУНПГ во поглед на логистика и тоа да се направи со соработка со трети лица или сопствено ангажирање. Податокот дека единствена точка за одмор претставува куќата треба дополнително да се разгледува за да се направат можности за добар впечаток.

Недостатокот на информативни табли за наплата на влезот по теренот на паркот е сериозен и негативен елемент кој во идниот период неминовно треба да се затвори односно треба да се поставаат табли со ценовната листа за посетите и влезот во паркот.

Лицата кои треба да се ангажираат во работа со посетителите треба да поминат обука за истото и за начинот на презентација и информација и со самото тоа подигнување на квалитетот на приемот и престојот на посетителите во паркот. Како посебно нешто кое треба во најскора иднина да се прави е потреба од обука и на претставниците кои вршат непосредни водички активности на просторот од паркот кој се повеќе и повеќе е изложен на присуство.

Друга локација за сеопфатни активности при посетите секако е точката во с.Конско Преспа каде оваа 2021 година изостана од функционирање но дава зголемување на капацитетот за идниот период. Ефектуирањето на посетите за Магаро во услови на зголемен интензитет даваат за потреба од повеќе застапеност. Тука на местото за контрола оваа година со поставената куќарка за контрола и наплата се зајакна можноста за активноста.

Магаро како најатрактивен простор во тековната 2021 имаше мал дел во учество на посетеноста на паркот.

Сумирајќи ги резултатите во поглед на посетеноста на локациите Дервен и Царина (кое работеше само во септември и неколку дена во јуни) за 2021 година ќе истакнеме дека главно влезот се ефектуираше од посетители со цена од 30 денари и надоместокот за возила од 50 денари.

## 4.5. Инфраструктура

### 4.5.1. Извори Свети Наум

Во текот на месец април беше извршено чистење на отпадни дрвја кои беа во водата кај Изворите Свети Наум. Истите беа пречка за непречено разминување на кајчињата кои вршат превоз на посетители низ Изворите и езерцето кое го формираат.



#### 4.5.2. Разместување на контејнери - наплатни куќички

Разместувањето се изврши од локациите Дервен и Царина и иститe се поставија на локациите Коритски Извор и Баба. После поставувањето контејнерите се обложија со патосна ламперија и алтернативен кров од решетка. Активноста за планирање и идејно осмислување беше од директорот на ЈУНП Галичица - архитект Александар Миљовски.







Поставени се 5 куќички за наплата на влезни билети: Студенчишта, Дервен, Свети Наум, Царина и Конско Преспа. Истите се унифицирани и набавени претходната година 2020. Тековната година 2021 се изработија платформите од страна на добавувач избран по пат на јавна набавка.





### 4.6. Тековен престоечки период до крај на 2021 година

-Во овој период планирано е да се изврши поставување на заштитна ограда од ламелиран патос на куќата Асангура, затворање со жалузински ролетни и изработка на хауба за скара.

-За сите локации каде се врши наплата на влез планирано е да се монтираат фотонапонски системи за напојување со електрична енергија, воедно истото е предвидено и за куќата Асангура.

-Довршување на започнатите работи кај контејнерите Баба и Коритски Извор со боење и слично. Патосот кој е набавен за монтажа на Баба од надворешната предна и странична страна треба да се монтира. Истиот не беше монтиран од причина што се очекуваше да се асфалтира паркингот на конкретното место.

### 4.7. Проектни апликации развиени во текот на 2021 година

Во текот на 2021 година ЈУНПГ оствари контакт со новинар од Германија кој имаше развиено идеа за развој на проект за планински велосипедизам. Идејата беше презентирана од негова страна на ЈУНПГ и истата беше прифатена од менаџментот на установата. За понатамошните активности во поглед на оваа активност ќе информираме во Извештајот за наредната година.

#### 4.7.1. Проектна апликација за Horizon 2020

На 27 јануари 2021 година, Јавната установа Национален парк Галичица, согласно Годишната програма за заштита на природата за 2021 година направи обид за формирање на конзорциум за апликација на Horizon 2020 програмата од Европската Унија. Имено, во соработка со Хидробиолошки Завод Охрид како координатор на проектната аплкација, како и NAPA, Мрестилиште ви Лин и РЕЦ Албанија, но и ETH Zuruch – Swiss Federal Institute of Technology од Швајцарија, Stritih, Sustainable Development Consulting, ZaVIta d.o.o од Словенија и Здружението за екологија ЕКОМЕНЛОГ Охрид од Македонија, установата подготви апликација за повикот на Horizon 2020. Насловот на апликацијата беше Иновативна реставрација на екосистемските услуги во сливното подрачје на Охридското Езеро.

Главната цел на проектот беше да се демонстрира успешна обнова на екосистемските услуги во сливното подрачје на Охридското Езеро. Регионот заеднички помеѓу Албанија и Северна Македонија како жариште на европската биолошка разновидност околу старото езеро со мочуришта што покажуваат високо ниво на ендемизам на видовите и околни карстни планини со повеќе живеалишта и видови од европско значење. Специфичните цели на проектната апликација беа:

- Да се обезбеди позитивен тренд кон territory поволен статус на зачувување на пасиштата на планината Галичица врз основа на методологијата развиена во рамките на акцијата (индикатор: ha пасишта во поволна состојба според развиената методологија).
- Да се обезбеди активно учество на корисниците на услугите на екосистемот (рибари, локални жители, собирачи на производи на други шумски производи, земјоделци итн) во зачувувањето на услугите на екосистемот (индикатор: Број на активни учесници).
- Да се елиминира намалувањето на сегашните популации на охридската пастрмка (*Salmo letnica*) и Белвица (*Salmo ohridanus*) и да се постигне зголемување на

популацијата на двата ендемични видови. (Индикатори: Број на поединци или 2-5% зголемување на бројот на единките).

- Да се обезбеди позитивен тренд во обновувањето на Студенчишкото блато со активности под методологија развиена во рамките на Акцијата. (Индикатори: м2 од Студенчиште во поволна состојба според развиената методологија за проценка)
- Да се воспостави функционална врска помеѓу научниот мониторинг, традиционалното знаење, активностите во оваа област и науката на граѓаните што ја поддржуваат обновувањето на услугата на екосистемот и егзистенцијата на корисниците на екосистемите. (Индикатор: број на извештаи, број на мониторирани индикатори, број на вклучени граѓани, број на спроведени кампањи).

Вкупната вредност на аплицираниот проект изнесуваше околу 9.000.000 евра за сите учесници кои беа наведени погоре, а времетраењето беше 60 месеци. За жал оваа апликација беше одбиена за финансирање од страна на финансиерот и беше оценета со оценка 4,5 од 10.

### 4.8. Веб – страна и мобилна апликација

Во текот на 2020 година беше распишан тендер за јавна набавка за одржување и промоција на веб страната на Јавната установа Национален парк Галичица.

Со техничката спецификација за одржување на веб-страната беа предвидени и реализирани следните активности:

- Редовна проверка на веб сајтот
- Поправки на пронајдени пропусти.
- Компатибилност со сите Веб Прелиствувачи (Web Browsers)
- Надградба на софтвер
- Бекапи на базата и содржината
- Брзина на сајтот
- Search Engine Optimization
- Нова содржина на страната
- Нови функционалности и модули
- Одржување на REST API за комуникација со останати уреди
- Анализа и Статистика
- Фотографирање и Time-lapse фотографии за потребите на ЈУНПГ.
- Одржување и надградба на Е – Продавница
- Додавање на прозорец за – Новости
- Додавање на прозорец за – За Галичица
- Додавање на прозорец за - Научно истражување

Со техничката спецификација за одржување на мобилната апликација за Андроид и ИОС беа предвидени и реализирани следните активности:

- Редовна проверка и поврзување на веб сајтот и мобилната апликација

- Поправки на пронајдени пропусти
- Компатибилност со оперативните системи на различните уреди
- Надградба на софтвер
- Бекапи на базата и содржината
- Брзина на апликацијата
- Search Engine Optimization
- Нови функционалности и модули
- Додавање на дополнителни модули
- Промена на дизајн

Исто така, со јавната набавка, а со *цел обезбедување на редовна функционалност на мобилната апликација економскиот оператор ја презеде одговорноста за наплата на трошоците:*

- Google Developer Account.
- iOS Developer Account.
- Google Maps.
- IOS dev account
- iTunes
- Androit dev account
- Google

Во делот на маркетингот и промоцијата на овие две алатки беа предвидени и реализирани услуги за промоција, маркетинг и поддршка на веб страната и мобилната апликација на Јавната Установа Национален Парк Галичица, и тоа: дигитален маркетинг, физички маркетинг, поддршка и комуникација со платформите и останатите правни лица со кои е потребно за да се обезбеди редовна и непречена функционалност на алатаките.

- Менаџирање на 2 типа на социјални медиуми и подобрување и поддршка на фан страните на Facebook и Instagram, како и креирање и одржување на Yot tube канал.
- Објавување на содржина секојдневно.
- Дигитално брендирање на Националниот Парк и креирање на соодветни QR кодови кои ќе бидат употребени на сите пишани документи и материјали од институцијата.
- Спонзорирани содржини минимум 10 евра месечно.
- Креирање и објава на пишани статии.
- Дефинирање на целна група.
- Органска промоција на наши фан страни..
- Креирање на кампањи за промоција.
- Менаџирање и филтрирање на коментари и пораки.
- Месечна детална анализа за сите горенаведени активности ќе биде доставувана до ЈУНПГ во електронски формат.
- Физички маркетинг и промоција

Соработката со економскиот оператор кој беше избран како најповолен понудувач, согласно барањата на јавниот повик се оценети како успешни. Следствено, почнувајќи од 01.10.2020 година (денот на потпишување на договорот за јавна набавка и почеток на ангажманот), па до 30.09.2021 година вкупниот број на објави бил прегледан од 347.360 уникатни гледачи, или за 107.848 повеќе во споредба со претходниот период.

Исто така, треба да се истакне дека за овој период 73.998 луѓе имале интеракција со објави од социјалните медиуми (Facebook и Instagram), а вкупниот број добиени нови следачи на истите е 1.760 од кои 1.650 сеуште ја следат фан страната на Јавната установа Национален парк Галичица.




За анализираниот период, вкупно 89.875 прегледи се регистрирани на веб страната на ЈУНПГ, а бројот на придобиени нови корисници кои почнале да ја читаат содржината на веб страната е 11.490 индивидуалци.




| | Event name | Event count | Total users | Event count per user | Total revenue |
|---|---|---|---|---|---|
| | Totals | 89,875 100% of total | 11,490 100% of total | 7.82 Avg 0% | $0.00 |
| 1 | page_view | 32,256 | 11,481 | 2.81 | $0.00 |
| 2 | user_engagement | 24,[illegible] | 7,6[illegible] | [illegible] | $0.00 |
| 3 | session_start | 14,879 | 11,493 | 1.29 | $0.00 |
| 4 | first_visit | 11,421 | 11,487 | 0.99 | $0.00 |
| 5 | scroll | 6,911 | [illegible] | 1.75 | $0.00 |
| 6 | click | 386 | 350 | 1.10 | $0.00 |
| 7 | file_download | 380 | 155 | 2.45 | $0.00 |
| 8 | view_search_results | 2 | 2 | 1.00 | $0.00 |

Во минатото беше забележано дека при Google пребарување за поимот Галичица на латинично писмо повеќето резултати се однесуваа на областа Galicia во Шпанија. Овој проблем беше еден од предизвиците кои беа решени во текот на изминатата година и најголем број на посетители на вебстраната ја пребарале и пристапиле по клучен збор “Галичица” преку Google пребарувачот или вкупно 8.099 индивидуални посети се заради добро пребарување по клучен збор, или добрата SEO оптимизација што беше и предмет на јавната набавка и потпишаниот договор.




| | Session source/medium | Users | Sessions | Engaged sessions | Average engagement time per session | Engaged sessions per user | Events per session | Engagement rate | Event count All events | Conversions All events | Total revenue |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Totals | 11,488 100% of total | 14,879 100% of total | 8,829 100% of total | 1m 02s Avg 0% | 0.77 Avg 0% | 6.04 Avg 0% | 59.34% Avg 0% | 89,876 100% of total | 0 | $0.00 |
| 1 | google / organic | 8,099 | 10,343 | 6,510 | 1m 06s | 0.80 | 6.11 | 63.03% | 63,193 | 0 | $0.00 |
| 2 | (direct) / (none) | 2,249 | 3,077 | 1,807 | 0m 54s | 0.57 | 5.81 | 40.96% | 17,899 | 0 | $0.00 |
| 3 | m.facebook.com / referral | 737 | 775 | 344 | [illegible] | 0.47 | 4.77 | 44.35% | 3,694 | 0 | $0.00 |
| 4 | l.facebook.com / referral | 186 | 250 | 156 | 1m 14s | 0.84 | 6.84 | 62.4% | 1,709 | 0 | $0.00 |
| 5 | bing / organic | 47 | 86 | 66 | 0m 44s | 1.40 | 5.57 | 75.74% | 479 | 0 | $0.00 |
| 6 | (not set) / (not set) | 37 | 0 | 0 | 0m 00s | 0.00 | 0.00 | 0% | 152 | 0 | $0.00 |
| 7 | facebook.com / referral | 30 | 30 | 20 | 0m 15s | 0.67 | 4.57 | 66.67% | 137 | 0 | $0.00 |
| 8 | yandex.ru / referral | 30 | 34 | 26 | 3m 36s | 0.87 | 12.24 | 76.47% | 416 | 0 | $0.00 |
| 9 | instagram.com / referral | 29 | 29 | 17 | 0m 17s | 0.59 | 4.93 | 58.62% | 143 | 0 | $0.00 |
| 10 | lm.facebook.com / referral | 16 | 17 | 11 | [illegible] | 0.69 | [illegible] | 64.71% | [illegible] | 0 | $0.00 |

Демографските карактеристики на посетителите на веб страната индицираат дека најголем број на посетители на истата се од територијата на Северна Македонија, а потоа од Албанија, Косово, Германија, Холандија, САД, Србија итн. по тој редослед.




| | Country | Users | New users | Engaged sessions | Engagement rate | Engaged sessions per user | Average engagement time | Event count All events | Conversions All events | Total revenue |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Totals | 11,488 100% of total | 11,421 100% of total | 6,829 100% of total | 59.34% Avg 0% | 0.77 Avg 0% | 1m 20s Avg 0% | 89,875 100% of total | 0 | $0.00 |
| 1 | North Macedonia | 7,429 | 7,313 | 6,040 | 60.56% | 0.81 | 1m 25s | 60,669 | 0 | $0.00 |
| 2 | Albania | 994 | 977 | 573 | 52.38% | 0.53 | 0m 42s | 4,811 | 0 | $0.00 |
| 3 | Kosovo | 314 | 311 | 182 | 54.01% | 0.58 | 0m 36s | 1,328 | 0 | $0.00 |
| 4 | Germany | 305 | 296 | 221 | [illegible] | 0.72 | 1m 28s | [illegible] | 0 | $0.00 |
| 5 | Netherlands | 274 | 269 | 191 | 59.32% | 0.70 | 1m 11s | 3,050 | 0 | $0.00 |
| 6 | United States | 255 | 253 | 164 | 53.07% | 0.62 | 0m 49s | 1,576 | 0 | $0.00 |
| 7 | Serbia | 178 | 170 | 139 | 68.75% | 0.78 | 1m 26s | 1,443 | 0 | $0.00 |
| 8 | Poland | 162 | 159 | 149 | 62.61% | 0.92 | 2m 58s | 2,365 | 0 | $0.00 |
| 9 | Italy | 145 | 145 | 93 | 56.44% | 0.63 | 0m 46s | 813 | 0 | $0.00 |
| 10 | United Kingdom | 133 | 127 | 76 | 50.33% | 0.53 | 0m 42s | 714 | 0 | $0.00 |

За жал, електронската продавница не беше сеуште активирана, но формалностите со отварањето на специјалната сметка во Халк Банка беа завршени и веќе од следниот период може да се активира и продавницата, секако после ажурирањето на податоците на сувенири и производи кои се на залиха.

### 4.9. Мобилна апликација

Во текот на 2021 година, активни беа и мобилните апликации кои беа развиени во 2019 година. Вкупниот број на спуштања на мобилната апликација за Андроид за оваа година изнесуваше 964 уникатни спуштања од различни корисници ширум светот.

Мобилната апликација „Национален парк Галичица“ им овозможува на сите посетители да ја искусат прекрасната убавина на националниот парк Галичица на уникатен начин со најважните информации што им стојат на располагање.

Преку оваа мобилна апликација, сите љубители на природата, дури и оние што не се во можност да го посетат паркот, ќе имаат можност да се запознаат со видот на патеките што се достапни во Галичица, мини-енциклопедија каде што има информација за разновидна флора и фауна присутна во националниот парк и други интересни факти.

Со други зборови, мобилната апликација Национален парк Галичица им овозможува на сите посетители да ја искусат неспоредливата убавина на паркот на едноставен начин, каде што најважните информации се достапни на едно место. Мобилната апликација е достапна на македонски, англиски, холандски и албански јазици што овозможува пристап до поголема целна група посетители.

Според оценките добиени на Google Play, од вкупно 60 оценувања, апликацијата е оценета со просечна оценка од 4,9 (од 5), што е значително високо.

Дел од коментарите за апликацијата следат подолу:

„ Лесно за навигација, концизно, шарено, одлично визуелно! Се што ви треба за овој тип апликација. Прекрасно.“

„ Леле, не очекував толку одлична апликација за национален парк! Добро сторено !!“

Што се однесува пак до iOS мобилната апликација, за жал, можеби заради помалу распространетата употреба на iPhone паметни телефони во целните држави, спуштањата на апликацијата се значително помалку и за анализираниот период се само 6. Од друга страна пак, содржините се исти како и на мобилната апликација за Андроид. Оценката на iOS од 5 оценувачи е еднаква на 5 од 5.

Statistics Saved reports

Data table

| Days | All countries / regions |
|---|---|
| Sep 28, 2021<br>Percentage of total | 954<br>100% |
| Sep 27, 2021<br>Percentage of total | 964<br>100% |
| Sep 26, 2021<br>Percentage of total | 961<br>100% |
| Sep 25, 2021<br>Percentage of total | 958<br>100% |
| Sep 24, 2021<br>Percentage of total | 950<br>100% |
| Sep 23, 2021<br>Percentage of total | 957<br>100% |
| Sep 22, 2021<br>Percentage of total | 957<br>100% |
| Sep 21, 2021<br>Percentage of total | 956<br>100% |
| Sep 20, 2021<br>Percentage of total | 955<br>100% |
| Sep 19, 2021<br>Percentage of total | 955<br>100% |

Show rows: 10 1 - 10 of 605

### 4.10. Социјални медиуми (Facebook и Instagram)

Јавната установа Национален парк Галичица беше многу активна и на социјалните медиуми за време на изминатата година. Имено, според информациите добиени од аналитиката на социјалните медиуми, во периодот од 1 јануари 2021 година до 30 септември 2021 година, вкупниот број на интеракции со Facebook страната се 255.351 уникатни интеракции, што претставува намалување за 11,1% во споредба со истиот период од 2020 година. Од друга страна пак, вкупните интеракции на Instagram страната на апликацијата се 8.575 или намалување од 32,4% во споредба со ланската година (јануари-септември).

Причините за намалувањето на посетите се должат на тоа што во 2020 година имаше спроведено агресивна кампања за промоција на социјалните медиуми на установата, бидејќи беа новоетаблирани во тоа време. Исто така, 2020 година беше година на КОВИД 19 пандемија кога многубројните рестриктивни мерки (изолацијата) придонесоа за

значителен раст на интернет пребарувањата на глобално ниво. На крај, посебно за Facebook страната треба да се земе предвид дека постои уште една фан страна која датира од поодамна и за која установата нема пристап, па не може да ги соедини двата профили. Често пати интеракциите на корисниците се и со таа фан страна на установата.




Демографските карактеристики на интеракцијата со социјалните медиуми укажуваат на следното:

Facebook фан страната на ЈУНПГ во периодот од јануари до октомври 2021 година имала повеќе од 7.100 лајкови. Од нив 38,3% биле од женски пол, а 61,7 од машки пол. Возрасната граница на луѓето кои имале интеракција со социјалниот профил се од 25 години до 44 годишна возраст (над 40% од вкупниот број интеракции). Facebook фан страната била во најголем број интеракции со посетители од Скопје, Охрид, Битола, Ресен и Прилеп, по тој редослед. Што се однесува до меѓународната демографска карактеристика на посетителите, социјалната страна најмногу ја посетувале посетители од Србија, Германија, САД, Грција и Холандија, по тој редослед.

Instagram фан страната на ЈУНПГ во истиот период имала повеќе од 1.200 следачи, 40% од кои се од женски пол и 60% од машки пол. Овде е забележливо дека возрасната структура на следачите и посетителите кои имале интеракција со фан страната е помлада, т.е. над 20% од интеракциите се случиле со посетители на возраст од 25 до 34 години. Според градовите, најмногу посети на оваа фан страна има од ОХрид, Скопје, Ресен. Битола и

Струга, по тој редослед. Instagram фан страната најмногу ја посетувале посетители од Германија, САД, Србија и Турција по тој редослед.


Audience
See What's New
Current Audie...
Potential Audience
Facebook Page Likes
7.1K
Instagram Followers
1.2K
Age & Gender
20%
0%
18-24
25-34
35-44
45-54
55-64
65+
Women 38.3%
Men 61.7%
Age & Gender
20%
0%
18-24
25-34
35-44
45-54
55-64
65+
Women 40%
Men 60%
Top Cities
Skopje, Republic of Macedonia 25.4%
Ohrid, Republic of Macedonia 18.7%
Bitola, Republic of Macedonia 5.7%
Resen, Republic of Macedonia 5.7%
Prilep, Republic of Macedonia 4.2%
Struga, Republic of Macedonia 2%
Veles, Republic of Macedonia 2%
Kicevo, Republic of Macedonia 1.7%
Kavadarci, Republic of Macedonia 1.5%
Kumanovo, Republic of Macedonia 1.5%
Top Cities
Ohrid, Republic of Macedonia 23.6%
Skopje, Republic of Macedonia 19.2%
Resen, Republic of Macedonia 6.7%
Bitola, Republic of Macedonia 3.1%
Struga, Republic of Macedonia 1%
Top Countries
Macedonia 82.2%
Serbia 2.1%
Germany 2%
United States 1.1%
Greece 1%
Netherlands 0.9%
Australia 0.8%
Albania 0.7%
Bulgaria 0.7%
Croatia 0.5%
Top Countries
Macedonia 81.7%
Germany 1.9%
United States 1.5%
Serbia 1.4%
Turkey 1.2%

### 4.11. Соопштенија за јавност и медиумско присуство

Во текот на периодот од јануари до октомври 2021 година, поради различни причини, Јавната установа Национален парк Галичица има лиферувано 20 соопштенија за јавност и медиуми кои се објавени од повеќе медиуми, пред се на локално ниво.

Што се однесува пак до медиумската присутност на Галичица, во текот на истиот период, според агрегаторот на вести www.daily.mk Галичица е спомната во 1255 резултати. Според агрегаторот www.time.mk Галичица е спомната во 394 соопштенија и вести.

### 4.12. Активности за еколошка едукација спроведени во текот на 2021 година

Во текот на 2021 година  во периодот од 5-ти до 11-ти јуни беше оддбележан Светскиот ден на животната средина преку остварување на „Facebook кампања“, со цел мотивација за споделување на ГИФ формат на слики и коментари поврзани со одбележувањето на денот. Целна група при реализација на настанот беше општата јасвност и истиот настан резултираше со присутност од 90 лица, што укажува на фактот дека настанот имал позитивен исход.

Еколошката едукација во текот на оваа година уште еднаш беше надополнета со настан во инфо центарот на ЈУНПГ, каде на 10-ти јуни се оддржа „Работилница со Здружение на граѓани ГЛАМ“, односно обука за подготовка и ажурирање на статии на македонска википедија. Младите ентузијасти беа запознаени со значајноста на  стено-ендемичните видови на планината Галичица, односно за локални видови кои имаат многу тесна ограничена дистрибуција. Настанот резултираше и беше поткрепен со успешно напишана статија за Галичички различник (Centaurea galicicae).

Оваа година беше надополнета со спроведување на работилница за безрбетната фауна „Чудесниот свет на безрбетниците“, со што на тој начин се одбележа Годишнината на ЈУНПГ, 25-ти октомври. Целната група (ученици од 5-то до 8-мо одделение) преку сликовита презентација, игри, инетересни факти и набљудување, микроскопирање и анализирање на безрбетниците, се запознаа со основните карактеристики на безрбетниците, за нивниот животен циклус, исхрана и воедно нивната значајност во целокупниот биодиверзитет. Од планираните работилници, едната беше организирана со ученици од основни училишта од Охрид, а другата со присуство на ученици од основните училишта од Ресен.

Светскиот ден на планината 11-ти декември беше успешно спроведен преку работилница за деца од 5-то до 9-то одделение, „Работилница за изработка на хранилки за птици и хотел за инсекти“, каде позитивниот исход беше постигнат со дистрибуирање на истите на одредени локаци на планината Галичица.

# 5. Одделение за оддржливо користење на природните ресурси

## 5.1. Сеча во сопствена режија

Веќе втора година овој сектор нема активности во однос на сеча во сопствена режија за снабдување на населението со огревно дрво. Од 2020 година се премина во 2021 година со залиха од 30 прм дабово дрво во Галичица 1. Оваа залиха е од причина што ради потежок пристап на теренот не се успеа да биде продадена во последната година кога ЈУНП Галичица се уште вршеше продажба на огревно дрво.

За оваа количина беше уредно направен записник од соодветна комисија. Одделението за Одржливо користење на природните богатства предлага врз основа на записникот од комисијата предлага на слетниот попис оваа количина на огревно дрво да се отпишат од залиха. Како потсетување во прилог е и табелата од минато годишниот попис:

| *Р.Бр* | *Категорија* | *Галичица 1* | | | *Галичица 2* | | | *Г1+Г2* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Даб | Бука | Вкупно | Даб | Бука | Вкупно | |
| *1* | Залиха од 2019 | 72 | 3 | 75 | 546 | 0 | 546 | 621 |
| *2* | Кало 3.3% | 2 | 0 | 2 | 18 | 0 | 18 | 20 |
| *3* | Старт за 2020 | 70 | 3 | 73 | 528 | 0 | 528 | 601 |
| *4* | Произведено 2020 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *5* | За продажба 2020 | 70 | 3 | 73 | 528 | 0 | 528 | 601 |
| *6* | Продадено 2020 | 40 | 4 | 44 | 586 | 0 | 586 | 660 |
| *7* | Залиха за 2021 | **30** | -1 | 29 | -58 | 0 | -58 | -59 |

Исто така заради несечење во сопствена режија не се пристапи кон активности за давање на огревно дрво на Физички лица во Државна шума. Ова од причина што ваков начин на снабдување на населението со огревно дрво може да се изведе само во пододдел во кој се работело. Она што е останато од предходните години за ваков начин на снабдување со огревно дрво е на многу недостапни места.

Ова одделение во 2021 година пристапи кон активности на остранување на инвазивните видови дрва, шумски кулутри, и тоа во пододделите 20а и 44а. Овие два пододдели беа дадени на тендер по принципот цена на корен на "Виена комерц".

Според "Посебен план за одледување и заштита на шумите" кој е со важност до 2022 година пододдел 20а дозволува сеча на 880 м3, а 44а 620 м3 или вкупно 1500 м3. Во моментот на изгодвување на извештајот вкупно се пресечени и транспортирани 830 м3.

Следува табела на пресечени количини по видови и по подоодели :

| **Дрвен Вид** | **Количина** | **Поддодел** | **Количина** |
|---|---|---|---|
| Црн бор | 288.53 | 20а | 476.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бел бор | 138.82 | 44а | 354.08 |
| Дуглазија | 202.34 | | 830.08 |
| Вајмутов бор | 200.39 | | |
| Вкупно | 830.08 | | |

За доработување остануваат:

- 20а околу 30 м3
- 44а околу 250 м3

Се очекува до крајот на 2021 година овие количини да бидат сработени.

### 5.2. Маркирање во имот во приватна сопственсот

До моментот на изготвување на извештајот примени се 21 барање за маркирање во приватен имот. Во овој момент сите се раелизирани комплетно: маркирано, пресечено и подигнати се дрвата од приватните имоти. До крајот на година по слободна проценка се очекува да се примат плус над 5 барања.

### 5.3. Проектни апликации

Види “Проектна апликација за Horizon 2020“

## 1. Одделение за правни, економски и општи работи

Во текот на 2021 година беа извршени повеќе активности од страна на Одделението за правни, економски и општи активности, во согласност со Програмата за заштита на природата за 2021 година и Планот за управување на НП Галичица.

Табелата подолу ги прикажува извршените активности во текот на оваа година.

| Активност | ОПИС на Активности |
| --- | --- |

**1. ПРГ 4.3. ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ**

Во текот на 2021 година активно се работеше на завршување на процесот на подготовка на новиот План за управување со НПГ за периодот 2021-2030 година. Се одржа јавна расправа, согласно законската процедура, на која доминираа позитивните критики и коментари за изработениот План за управување со НПГ за 2021-2030. По внесените забелешки кои беа дадени на јавната расправа се изработи Предлог Планот за управување на кој согласност даде Министерството за животна средина и просторно планирање и истиот се усвои од страна на Управниот одбор на ЈУНП Галичица.

Во Планот за управување се поставени целите и приоритетите за зачувување на природните и културните вредности на подрачјето за период од 10 години. Овој план беше подготвен од страна на вработените на ЈУНП Галичица, и во него на јасен, транспарентен и веродостоен начин се опфатени и прикажани вредностите на паркот и индикаторите за мерење на реализацијата на целите поставени во него. Процесот за изработка на ПУ за периодот 2021-2030 започна во 2018 година со значајна финансиска поддршка од Фондот за природа ПОНТ.

Во текот на 2021 година се изврши измена на Правилникот за систематизација на работните места, со тоа што во глава IV.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНАТА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА ОХРИД, 1. Одделение за правни економски и општи работи, работното место под реден број 3, со шифра НАП0102Г01003, Самостоен референт – магационер, се менува во целост и гласи: Помлад соработник за координација за набавки и водење евиденција за движни и недвижни ствари во сопственост на ЈУНП Галичица. Преку законски пропишаната постапка за унапредување на администартивен службеник, лицето вработено на работно место магационер беше унапредено на ново воведеното работно место. Постапката се водеше во Агенцијата за администрација.

Организационата структура на установата остана непроменета.

Во согласност со Правилникот за систематизација на работните места се подготви План за вработување за 2021 година, за едно слободно работно место, шумарски техничар. Причината за пополнување на ова работно место е врз основа на пензионирање во текот на 2019 година и истото е неопходно за непречено одвивање на работниот процес и теренските активности. Поради пандемијата имаше застој при реализацијата на Планот за вработување и потребните согласности кои треба да се обезбедат. ЈУНП Галичица сеуште чека согласност на Планот од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Во текот на 2021 година се продолжи со примена на Правилникот за комуникација и процедури, кој беше усвоен од страна на Управниот Одбор на ЈУНПГ во 2019 година. И покрај јасно напишани процедури за работните процеси и насоки за подобрување на интерната и екстерната комуникацијата во установата и ефикасноста на работењето, сепак во пракса се појавија прашања и проблеми кои не беа земени предвид при изработката на овој правилник. Во таа насока се појави потреба од негово надоградување и дополнување кое треба да се направи во периодот што следи.

Во текот на 2021 година беа подготвени Правила и Прописи за однесување во Националниот парк кои беа поставени на видни места низ паркот, но и на веб страницата и мобилната апликација. Целта на подготовката на ваквите правила и прописи се индиректно поврзани со намалувањето на негативните ефекти кои посетителите и локалното население ги имаат врз природните и културните вредности на паркот, но и подобрување на заштитата на овие вредности преку информирање и едукација на лицата кои го посетуваат и гравитираат кон него.

| | |
|---|---|
| **2. ПРГ 4.2. ОБУКИ** | Согласно законот за административни службеници подготвени беа образци за оценување на административните службеници во кои се предвидени и наведени по 5 задолжителни обуки кои вработените, административни службеници, согласно работното место и потребните работни компетенции ќе треба да ги посетат. Но за жал, пандемијата предизвикана од Ковид вирусот го оневозможи реализирањето на предвидените и планира обуки. Министерството за информатичко општество и администрација, кое беше задолжено да ги спроведе овие обуки, не беше во можност истите да ги организира и реализира.<br>Во текот на 2021 година се реализира обука за подготовка на План за вработување на која присуствуваа тројца вработени. |

| | |
|---|---|
| **3. ПРГ 4.3. Развој на стратешки планови, документи и проектни предлози** | На почетокот на 2021 година се потпиша Договор за соработка со Фондот за природа (PONT) за период од три години. Потпишувањето на овој договор претставува продолжување на тесната соработка со установата и финасиска поддршка која е од исклучително значење за установата. Особено значајна е оваа соработка за правилно управување со паркот и зголемување и зајакнување на заштитата.<br>Оваа година се потпиша тригодишен договор за соработка, што е доказ за восопставената доверба и намера да се продолжи соработката.<br>Барањето да се донесе Просторен план за НПГ е сеуште активно. Се надеваме дека во подобри времиња ќе се преземат активности за негово донесување. |

| | |
|---|---|
| 4. ПРГ 4.5. Соработка и партнерства - Соработка со локални самоуправи и јавни претпријатија и државни органи | И оваа година целокупната ситуација поврзана со Ковид 19 беше слична на претходната. Средбите и соработките мораа да се организираат согласно правилата и процедурите за справување со корона вирусот. Тоа значи дека истите се лимитирани и ограничени на неопходните, со мал број учесници.<br>Сепак, почитувајчи ги препораките, во текот на 2021 година се одржаа значајни средби кои се од огромно значење за установата.<br>На почетокот на 2021 година се одржа работен состанок со претставници од Општина Ресен и градоначалникот Живко Гошаревски. Бидејќи дел од територијата на паркот се наоѓа во Општина Ресен, соработка и комуникација мора да постои. Градоначалникот покажа подготвеност непосредно да соработува со ЈУНПГ и да ја поддржува установата со проекти директно поврзани со Општина Ресен. Бидејќи обнова и реконструкција на патот преку Галичица е повеќе од неопходно во услови на развој и промоција на туризмот и туристичките активности на територија на паркот, градоначалникот на средбата официјално ја најави обновата на патот преку Галичица. Ревитализацијата на овој патен правец, кој се обновува после повеќе од 50 години е од огромно значење за Преспанскиот Регион, Националниот парк Галичица и градот Охрид.<br><br>Во текот на првата половина на 2021 година се извршуваа градежните активности и се работеше на патниот правец, со што се заврши првата фаза, а тоа е делницата на патниот правец од Царина до локалитет Ервеника нива во должина од 10 километри. Останува за реализација втората фаза од превојот на Галичица до приклучувањето на патниот правец Охрид – Свети Наум во должина од 15 километри.<br>ЈУНПГ оваа година беше посетена од страна на јапонскиот амбасадор Хинорони Савада и министерката за култура д-р Ирена Стефоска. На средбата амбасадорот се запозна со работата на установата, нејзината поставеност и функционирање, како и богатиот животински и растителен свет на Галичица. Јапонскиот амбасадор изрази желба за соработка и во целост ја поддржа подотвеноста на установата за промени во начинот на управувањето и фукнционирањето.<br>Тесната соработка со Општина Охрид продолжи во текот на 2021 година. Прашањата од заеднички интерес, мислењата и препораките за посебните прашања, ЈУНПГ успешно ги решава во соработка со локалните власи. Особено во делот на дивоградбите, кои претставуваат еден од основените проблеми за зачувување на Охрид на листата на УНЕСКО, постои постојана комуникација помеѓу Општина Охрид и ЈУНП Галичица, но во пракса справувањето со дивоградбите не е сеуште на задоволително ниво. Во таа насока потребно е подобрување и унапредување на соработката и изнаоѓање на нови и ефикасни решенија за надминување на ваквите проблеми. |

| | |
|---|---|
| | Исто така, ЈУНПГ ја посети и американската амбасадорка Кејт Брнз, на која и беа презентирани клучните прашања и проблеми се кои се соочува ЈУНПГ при своето работење. На средбата амбасадорката се запозна со работата на Националниот парк, управувачката структура, проектите и процесите што се имплементираат во установата како и нејзината улога во активностите поврзани со препораките на УНЕСКО нотирани во двата последни извештаја. Посебно акцент се стави на дивоградбите на територија на паркот и насоките и процедурите за справување со истите. Националниот парк Галичица, како дел од УНЕСКО подрачјето, е од исклучителна важност не само за нашата држава, ами и за поширокиот регион.  Исто така, на средбата се дискутираше и за можностите за поддршка од страна на Американската амбасада на активности поврзани со еколошка едукација и одржлив развој реализирани од страна на Јавната установа Национален парк Галичица. |
| **5. ПРГ 4.5. Соработка и партнерства- Соработка со научно- образовни и стручни институции** | Соработката со научно-образовни и стручни институции продолжува. Во текот на 2021 година остварена е континуираната соработка со Македонското еколошко друштво, Биоеко и национални невладини организации.<br>Во месец септември 2021 година потпишан е меморандум за соработка со Јавната научна установа Хидробиолошки завод Охрид. Со него се официјализира и продолжува соработката со оваа установа, на полето на биодиверзитетот на Охридското Езеро и Национален парк Галичица, како и на заеднички мониторинг и стручна едукација. |
| **5. ПРГ 4.5. Соработка и партнерства со државни органи** | Соработка со Бирото за Јавни набавки при спроведување на огласите за јавни набавки продолжува и во текот на 2021 година.<br>Соработката со Владата на РСМ исто така продолжува и оваа година. Особено поради фактот што склучените спогодби за вршење дејност ЈУНПГ ги доствува на согласност до Владата. Тесна е и соработката со Секретаријатот на законодавство, со кој се усогласува текстот на спогодбите.<br>Соработка со МЖСПП во врска со договорите за донации и финасирање на ЈУНП Галичица со меѓународните организации и фондови продолжува да тече. Оваа година соработака со МЖСПП е особено засилена и поради донесување на новиот план за управување 2021-2030 и севкупната процедура поврзана со неговото донесување. Постојана комуникација за тековните прашања и проблеми се одвиваше и во текот на 2021 година.<br>Инспекторатот за животна средина, кој врши надзор на работењето на установата во поглед на заштитата на природата, и оваа година оствари неколку инспекциски надзори врз установата. Забелешки од нивна страна немаше и комуникацијата и соработката со овој инспекторат е на високо ниво.<br>Соработка со Институт за стандардизација на Република Северна Македонија исто така продолжува. |

| | |
|---|---|
| **6. ПРГ 4.5. Соработка и партнерства- Соработка со граѓански организации и клубови** | Извршени се низа средби со организаторите на OHRID TRAIL, меѓународен спортски настан, оваа година со четири планински трки, организирана на територија во НП Галичица. Во рамките на оваа трка имаше непосредна соработка и поддршка од страна на ЈУНПГ за целокупната организација и реализација. Особено внимание се посвети на прекораките и протоколите поврзани со Ковид 19. Беа преземени сите потребни мерки за постапување согласно протоколот. ЈУНПГ активно, со свои луѓе, возила, објекти се вклучи во целиот процес за време на одвивање на планинската трка. Исто така, за наградените учесници ЈУНПГ подготви и сподели наградни пакети со сувенири од националниот парк |

| | |
|---|---|
| **7. ПРГ 4.5. Соработка со туристички агенции и други субјекти** | ЈУНП Галичица, како субјект кој управува со заштитено подрачје, склучува спогодба со вршители на дејност во заштитено подрачје - Национален парк Галичица. Со спогодбите се регулираат меѓусебните права и обврски со вршителите на дејност во паркот со што се подобрува заштитата на клучните вредности на Национален парк Галичица.<br>Потпишани се 16 спогодби со вршители на дејност во заштитено подрачје-Прошетка на посетители во Национален парк Галичица, со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св. Наум, кои беа испратени до Владата на Република Северна Македонија за добивање на согласност и согласноста е добиена.<br>Во 2021 година за прв пат се потпишаа 3 (три) спогодби со вршители на дејност во заштитено подрачје – Прошетка на посетители во Националниот парк Галичица со превозни средства АТВ – четириколки. Спогодби се потпишани со правните субјекти Острово БДБ ДООЕЛ Охрид, ММ РЕНТ ДООЕЛ узвоз-извоз с.Коњско Охрид и АТВ КРУЗ ДОО увоз извоз Охрид. Согласност од страна на Владата на РСМ е добиена.<br>Потпишана е и спогодба за вршење угостителска дејност на сплавови со Острово БДБ ДООЕЛ Охрид, на која согласност не е добиена.<br>Со средствата кои ќе се обезбедат врз основа на склучените спогодби, ЈУНП Галичица, ќе може да ја финансира заштитата на природните вредности на НП Галичица и да се покриваат дел од трошоците за редовното функционирање на установата.<br>Оваа година се склучени следниве меморандуми за соработка со туристички и други субјекти:<br>1. За вршење спортско туристичка активност прелети на параглајдинг на просторот на Националниот парк Галичица Параглајдерски клуб  – “Стрижак-Струга”.<br>2. За вршење спортско туристичка активност прелети на параглајдинг на просторот на Националниот парк Галичица Параглајдерски клуб – “АКРО ТИМ”-Скопје.<br>3. За вршење спортско туристичка активност прелети на параглајдинг на просторот на Националниот парк Галичица Параглајдерски клуб –“Вертиго – Скопје”.<br>4. Друштво за трговија,туризам и угостителство – За вршење организирани активности на терен во НПГ “ АТЛАС” –Охрид.<br>5. За вршење организирани прошетки и тури во НПГ – Авантуристички клуб “Планинско лудило”.<br>6. За вршење организирани прошетки и тури во НПГ – “КТМ Воијаге”- Охрид.<br>7. За вршење организирани прошетки со возило на терен  во НПГ – “Лале Дооел”- Охрид.<br>8. За вршење организирани прошетки и тури во НПГ – “ФРИ ПАС” Ивана Христовска – Охрид. |

| | |
|---|---|
| | 9. За вршење организирани прошетки и тури во НПГ –Јонче Илиевски – Битола.<br>10. За прошетка со велосипед – " Инфинити Дооел" Охрид.<br>11. За вршење организирани прошетки и тури во НПГ –"Топи-Сатт"-Струга.<br>12. За вршење спортско туристичка активност прелети на параглајдинг на просторот на Националниот парк Галичица Параглајдерски клуб "Кондор" – Прилеп.<br>13. За вршење организирани прошетки и тури во НПГ - Горан Миланоски – Охрид.<br>14. За вршење организирани прошетки и тури во НПГ - Владимир Марковиќ - Охрид.<br>Со потпишување на Меморандумите за соработка се формализира соработката на паркот со субјектите кои вршат активности и се овозможува развој и зајакнување на поддршката која субјектите ја даваат во функција на реализација на активностите и остварување на главната цел на ЈУНП Галичица – заштита и управување со природните вредности. |
| **8. ПРГ 4.5. Соработка и партнерства со национални паркови и други национални субјекти** | Во текот на 2021 година остварени се средби со другите национални паркови и заштитени подрачја.<br>Во тек на месец февруари одржани се неколку работни средби со Национален парк Пелистер. Предмет на разговори беше работењето со техничко дрво, за кое националниот парк Пелистер има долгогодишно искуство, а ЈУНП Галичица за прв пат се среќава со таа проблематика. На средбите беа разменети искуствата и проблемите за рализација на оваа активност, што беше од огромно занчење за ЈУНП Галичица.<br>Комуникацијата со Националниот парк Маврово е постојана, согласно потребите и можностите за соработка.<br>Претставник од ЈУНПГ, раководителот на одделението за заштита на природа, беше поканет на годишна конференција на асоцијата паркови на ДИНАРИДИ во својство на член на стручниот совет на асоцијацијата. Конференцијата се одржа во Бар, Црна Гора. На истата конференција беше прифатено барањето на ЈУНПГ за зачленување во асоцијацијата. |
| **9. ПРГ 4.5. Соработка и партнерства-Соработка со меѓународни национални паркови** | ЈУНПГ има остварено долгорочна и успешна соработка со субјектите кои управуваат со националните паркови кои се граничат со нашиот во Албанија (NAPA) и Грција (Management body od Prespa National park).<br>Исто така, ЈУНПГ има остварено соработка на полето на мониторингот со грчката невладина организација СПП, која соработка продолжи и во текот на 2021 година. |

| | |
|---|---|
| **10. ПРГ 4.8. Одржување на објекти и инфраструктура** | Во текот на 2021 година се поставени нови унифицирани куќарки за наплата на влезници на постоечките места за наплата. Со тоа се зголеми препознатливоста на паркот и се унифицираа наплатните места.<br>Планирана поправка на објект Шарбојца во Асанџура е успешно реализирана.<br>Се набавија фотоволтаични системи за снабдувањње со електрична енергија.<br>Преостанатите објектите тековно се одржуваа. |
| **11. Изработка на тендерска документација и спроведување на постапките за јавни набавки.** | При реализација на јавните набавки во целот се почитувани законските прописи, односно Законот за јавни набавки и правилниците.<br>Во текот на 2021 година постепено, согласно поставената временска рамка, се реализираше планот за јавни набавки. Бидејќи последиците од корона пандемијата сеуште се присутни и приходите од туризам и оваа година беа под очекувањата, што негативно се одрази на финасиската состојба на установата, дел од предвидените јавни набавки станаа неоправдани и нивната реализација не беше неопходна. Финасиска ликвидност на установата мора да се одржи, што значи дека се реализираа само набавките кои беа неопходни за тековното работење на установата, и оние за кои пари имаше обезбедено Фондот за природа Преспа Охрид (ПОНТ). Сепак, процентот на реализација на планот за јавни набавки е голем и задоволителен, односно од предвидени 26 јавни набавки успешно реализирани се 18 јавни набави. |

| | |
|---|---|
| **12. Администрација, работни односи и архива** | Согласно Законот за административни службеници во текот на 2021 година е спроведена оценка на вработените во ЈУНП Галичица. Оценувањето е спроведено објективно и во насока на подобрување и укажување на потребата за зголемување на ефективноста и ефикасноста во реализацијата на работните задачи.<br>Се работеше на зголемување на мотивацијата и воспоставување пракса на ефикасно управување со човечките ресурси. Во иднина е потребно да се воспостават подобри практики согласно законската регулатива и меѓународни стандарди.<br>Реализирани се 8 (осум) вработувања на определено (сезонско) време.<br>Реализирани се 5 (пет) вработувања преку приватна агенција за привремени вработувања.<br>Архивското работење се вршеше согласно прописите за архивско работење и се постапи согласно препораките на Државен архив за архивското работење.<br>Во текот на 2021 година, преку приватна агенција за привремени вработувања се ангажира архивар-технички секретар, чие вработување беше потребно за подобрување на ефикасноста на одделението за правни економски и општи работи и соодветно распределување на работните задачи во одделението. Со пополнување на ова слободно работно место на определено време, се оствари пополнување на сите предвидени систематизирани работни места во одделението за правни економски и општи работи.<br>Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019), Јавната установа Национален парк Галичица Охрид, во текот на периодот од јануари до октомври 2021 година прими вкупно 8 Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. На 7 од нив е одговорено во законски утврдениот рок и позитивно, а за 1 од барањата, барателот поднесе жалба до Агенцијата за заштита на слободниот пристап до информации од јавен карактер. После поднесената жалба истата беше прифатена од страна на ЈУНПГ и беше одговорено по односното барање, а жалбата беше повлечена.<br><br>До крајот на годината согласно искуството од претходните години не очекуваме Барања за пристап до информации од јавен карактер. |